Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Филозофски факултет – Институт за педагогија

Студиска програма: Менаџмент во образованието

# Улогата на локалната самоуправа во општина Куманово во развојот на образованието

- магистерски труд -

Ментор:

проф. д-р Елизабета Томевска-Илиевска

Кандидат:

Надица Димитриевска

Скопје, ноември 2023 година

## Содржина

Апстракт........................................................................................................7

Abstract..........................................................................................................8

Акроними ......................................................................................................9

Вовед ............................................................................................................10

**I ДЕЛ Теоретски основи на проблемот на истражувањето** ..................................13

1. Терминолошки определби и основни карактеристики на локалната самоуправа.......14

1.1. Поим и дефинирање на поимот ...........................................................14

1.2. Дефиниција за локална самоуправа .......................................................17

1.3. Карактеристики на локална самоуправа ...................................................18

1.4. Надлежности на единиците на локалната самоуправа во општина Куманово . 19

2. Сектор за образование при локалната самоуправа во општина Куманово................. 20

2.1. Општи податоци за Секторот за образование.........................................20

2.1.1. Структура на Секторот за образование ..............................................20

2.3. Човечки ресурси во Секторот за образование .........................................24

2.4. Администрирање на постапки од локална надлежност во основното и средното образование во Општина Куманово .......................................................26

2.4.1. Администрирање на процесот на запишување на училишни обврзници – ученици во прво одделение на задолжително основно образование ....................26

2.4.2. Администрирање на процесот на запишување на ученици во I година на задолжителното средно образование ..................................................27

2.4.3. Администрирање на барањата за добивање согласност за вработување на определено време по основ на итни и неодложни потреби и по пат на јавен оглас во општинските основни и средни училишта – старо и ново финансирање........27

2.4.4. Подготовка на информации од областа на образованието за Совет на Општината......28

2.4.5. Подготовка на статистички преглед од областа на основното и средното образование во општина Куманово......29

3. Локалната заедница и училиштето – како дел од организираниот систем...... 30

4. Стратегија за образование на Општина Куманово......35

5. Структурна поставеност на Годишната програма за работа на Секторот за образование во општина Куманово ......36

5.1. Структура на Секторот за образование ......38

6. Структура на основно и средно образование на територија на општина Куманово....39

7. Релевантни истражувања ......42

**II ДЕЛ Методологија на истражувањето** ......46

1. Предмет на истражувањето ......47

2. Цел и карактер на истражувањето ......47

3. Задачи на истражувањето ...... 48

4. Хипотези на истражувањето ......49

5. Варијабли на истражувањето......50

6. Методи, техники и инструменти ......50

7. Популација и примерок...... 51

7.1. Примерок на основни училишта ......52

7.2. Примерок на наставници од основни училишта ......53

7.3. Примерок на средни училишта......54

7.4. Примерок на ученици од средни училишта ......54

7.5. Примерок на наставници од средни училишта......55

8. Обработка на податоци....................................................................................55

9. Организација и тек на истражувањето ....................................................................55

**III ДЕЛ Анализа и интерпретација на резултатите добиени од истражувањето** ..........................................................................57

1. Анализа и интерпретација на резултатите добиени од анкетирањето на наставниците од основните и средните училишта..............................................58

2. Анализа и интерпретација на резултатите добиени од анкетирањето на учениците од основните и средните училишта .....................................................................67

**IV ДЕЛ Заклучни сознанија и препораки**................................................................73

**Користена литература..................................................Error! Bookmark not defined.**

**V ДЕЛ ПРИЛОЗИ**............................................................................................ 80

Прилог бр. 1..........................................................................................................81

Прилог бр. 2 .......................................................................................................... 86

## Содржина на табели

Табела бр. 1 Број на ученици во основните училишта на територија на општина Куманово ........................................................................................................39
Табела бр. 2 Преглед на средни училишта и број на ученици во средното образование во учебната 2022/2023 година ................................................................ 41
Табела бр. 3 Преглед на вкупниот број на запишани ученици според наставен јазик во средните училишта на Општина Куманово во учебните 2020/2021, 2021/2022 и 2022/2023 година ........................................................................................................ 41
Табела бр. 4 Примерок на основни училишта на територија на општина Куманово. 52
Табела бр. 5 Примерок на наставници на територија на општина Куманово ............53
Табела бр. 6 Примерок на средни училишта на територија на општина Куманово ... 54
Табела бр. 7 Примерок на ученици од средни училишта на територија на општина Куманово ........................................................................................................54
Табела бр. 8 Примерок на наставници од средните училишта на територија на општина Куманово ........................................................................................................55

## Содржина на графикони

Графикон бр. 1 Структура на примерок на анкетирани наставници според работното искуство ....................................................................................................59
Графикон бр. 2 Потреби од професионално усовршување на наставници................ 60
Графикон бр. 3 Материјално-технички потреби на наставници................................ 61
Графикон бр. 4 Модели на мотивација на наставниците............................................62
Графикон бр. 5 Ставови на наставниците во однос на прашањето за приоритетните потреби за создавање здрава работна средина ..........................................................63
Графикон бр. 6 Потреби од поддршка во соработка со институции и др. ..................63
Графикон бр. 7 Примерок на училишта на територија на општина Куманово...........67
Графикон бр. 8 Структура на примерокот анкетирани ученици според нивната возраст ...........................................................................................................................68
Графикон бр. 9 Ставови на учениците за потребните ресурси за успешно следење на наставата.......................................................................................................................69
Графикон бр. 10 Ставови на учениците за можноста да се организираат младински активности на ниво на општина ....................................................................................70
Графикон бр. 11 Примерок на ставови на ученици за подобрување на условите на младинските активности доколку истите се под организација на Општински средношколски центар .................................................................................... 71

# Апстракт

Образованието е еден од клучните елементи од кои зависат квалитетот на социјалниот и економскиот живот во општеството. Затоа стратешкото планирање во образованието дефинира механизми и обезбедува ресурси со кои ќе ги вклучи сите релевантни фактори во развојот на квалитетен воспитно-образовен систем во државата. Како клучен фактор за успех на стратешкото планирање во образованието се нотира потребата од создавање на квалитетни предуслови за спроведување на истото, коешто се постигнува преку компетентни раководни структури и мотивираност на засегнатите страни за учество во процесот.

Од овие причини, целта на овој труд е да се добијат сознанија во кој степен општина Куманово ги препознава и уважува значењето и улогата на образованието во развојот на општината и сложеноста на надлежностите кои Општината ги има во образованието, како и вклучување на релевантните воспитно-образовни институции за развој на образованието во општина Куманово.

Преку спроведеното истражување беа опфатени примероци на наставници и ученици од основни и средни училишта на територија на општина Куманово, се добиваат податоци преку чија систематизација и генерализација се заклучува можноста и потребата за нивниот придонес во подобрувањето на моделите на поддршка и соработка на локалната самоуправа на општина Куманово, а секако преку добиените податоци во форма на позитивни практики кои можат да се применуваат и во другите општини на територијата на Р Македонија.

Во завршниот дел презентирани се заклучоците и препораките од истражувањето, како понатамошна основа за формите на поддршка на образованието и моделите на соработка меѓу Секторот за образование на локалната самоуправа и релевантните воспитно-образовни институции, кои како препорака треба да бидат составен дел од Стратегијата за образование, конципирана од страна на Општината.

**Клучни зборови:** поддршка, соработка, мотивација, воспитно-образовен процес, локална самоуправа

# Abstract

Education is one of the key elements on which the quality of society's social and economic life depends. Therefore, strategic planning in education defines mechanisms and provides resources that will include all relevant factors for developing a quality education system in the country. A key factor in the success of strategic planning in education is the need to create quality preconditions for its implementation, which is achieved by competent management structures and the motivation of stakeholders to participate in the process.

For these reasons, the purpose of this work is to find out to what extent the municipality of Kumanovo recognizes and respects the importance and role of education in the development of the municipality and the complexity of the competencies that the municipality has in education, as well as the inclusion of relevant educational institutions for the development of education in the municipality of Kumanovo.

Through the conducted research, samples of teachers and students of primary and secondary schools from the area of Kumanovo municipality were obtained, whose systematization and generalization determine the possibility and need of their contribution to the improvement of the model of support and cooperation. local self-government of the municipality of Furthermore, it is imperative to note that the data gathered solely comprises positive practices that can be applied in other municipalities in the territory of the Republic of Macedonia.

In the final part, the conclusions and recommendations from the research are presented, as a further basis for forms of support for education and models of cooperation between the Department of Education of the local self-government and competent educational institutions, which as a recommendation should be an integral part of the Education Strategy for which the Municipality is responsible.

**Keywords:** support, cooperation, motivation, educational process, local self-government.

# Акроними

МОН – Министерство за образование и наука

БРО – Биро за развој на образованието

ИТ – Информатичка технологија

ЦССО – Центар за стручно образование и обука

ООУ – Општинско основно училиште

СОУ – Средно општинско училиште

ЕУ – Европска Унија

ЈУ – ОУД – Јавна установа – општински ученички дом

ДПИ – Државен пазарен инспекторат

УНЕСКО - Организација за образование, наука и култура на Обединетите нации

УНИЦЕФ -Меѓународен фонд за деца при Обединетите нации за итни состојби

# Вовед

Образованието е еден од клучните елементи од кои зависат квалитетот на социјалниот и економскиот живот во општеството. Тоа претставува дејност од јавен интерес и моќта на неговиот квалитет се ефектуира на две нивоа: на ниво на личниот развој на граѓаните и на ниво на развојот на општеството.

Најважен фактор во создавањето на успешна иднина за генерациите што доаѓаат е да се понуди врвно образование што ќе биде во чекор со честите промени на околината.

Сите досегашни анализи на состојбите во образованието покажуваат дека еден од клучните проблеми во сферата на образование беше нагласената централизација. Со централистичката поставеност на образовниот систем, образовните установи се ставени во позиција да играат улога само на непосредни реализатори на образовната политика со неможност да ја остварат и улогата на непосредни креатори на сопствената дејност.

Планирањето на иднината во образованието не е засебен процес на локалната самоуправа туку подразбира вклучување на сите засегнати страни, почнувајќи од приоритетите на национално ниво до најситната единица во локалната самоуправа. Стратешкото планирање зависи од приоритетите на учениците, наставниците, менаџерскиот тим на училиштето, училишниот одбор, локалната заедница, локалната самоуправа и државата. Секој од овие чинители има свои визии и приоритети, но само со желба и труд, соединување на силите може да се интервенира и да се подобри иднината на образованието.

Образованието е еден од клучните елементи од кои зависат квалитетот на социјалниот и економскиот живот во општеството. Затоа стратешкото планирање во образованието дефинира механизми и обезбедува ресурси со кои ќе ги вклучи сите релевантни фактори во развојот на квалитетен воспитно-образовен систем во државата. За образовната стратегијата е битно да воспостави ефективни партнерства со јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор.

Како клучен фактор за успех на стратешкото планирање во образованието се нотира потребата од создавање на квалитетни предуслови за негово спроведување, коешто се постигнува преку компетентни раководни структури и мотивираност на засегнатите страни за учество во процесот.

Во тој контекст, трудот е насочен кон утврдување на меѓуинституционалната поврзаност и соработка на локалната самоуправа со основните и средните училишта на територија на општина Куманово. Стратешката и програмската поставеност на образованието во локален контекст е во непосредна корелација со ставовите и образовните потреби на наставниот кадар и на учениците од една страна, и планирањето и организирањето на програмските активности кои се предвидени од Секторот за образование на локалната самоуправа, од друга страна.

Врз основа на горенаведеното се пристапува и кон анализа на релевантната документација од Секторот за образование на локалната самоуправа, испитување на ставови и мислења од наставниците од основните и средните училишта и учениците од средните училишта, во функција на зајакнување на развојот на образованието на територија на општина Куманово.

Во релевантните истражувања, кои го третираат педагошкиот проблем во кој истражувачкиот интерес е насочен кон стратешкото планирање на образованието во локалната самоуправа, преку кој е опфатена анализа на реалната состојба во училиштата преку испитување на ставови и мислења на претставниците од училиштата за потребата и можностите од стратешко планирање во образованието.

Истражувањето се спроведува на територија на општина Куманово, при што се опфатени сите основни и средни училишта на територија на општина Куманово, наставници од основните и средните училиштата и ученици од средните училишта.

Од овие причини целта на овој труд е да се добијат сознанија во кој степен општина Куманово ги препознава и уважува значењето и улогата на образованието во развојот на општината и сложеноста на надлежностите кои Општината ги има во образованието. Дали Општината ја препознава потребата од квалитетни човечки, материјални и финансиски ресурси од кои зависи квалитетот на спроведувањето на

оваа надлежност? Каква е комуникацијата меѓу општинската администрација и училиштата?

Стратегијата за образованието на Општина Куманово за 2023-2028 година ќе претставува основа за активностите на институциите во општина Куманово во полето на образованието во периодот до 2028 година. Таа тргнува од постојните состојби во образовниот систем и има за цел постепено да ги подобри истите, во согласност со утврдените приоритети. Стратегијата ќе се темели на јасно утврдување на главните предизвици во образовниот сектор, со што се обезбедува нејзината релевантност преку внимателно дефинирање на приоритетните области на кои треба да се обрне внимание во временскиот период до 2028 година. Истовремено, со цел да се исполни критериумот за кредибилност, во Стратегијата ќе бидат вклучени само оние мерки кои можат да се спроведат во планираниот период и истите се поддржани со Акциски план којшто вклучува трошоци и извори на финансирање. Стратегијата, исто така, предложува и подолгорочни цели коишто можат да се земат предвид кога ќе се програмираат следните фази на развој на образованието во Општината во согласност со развојот на образованието во Република Северна Македонија.

# I ДЕЛ

## Теоретски основи на проблемот на истражувањето

# 1. Терминолошки определби и основни карактеристики на локалната самоуправа

## 1.1. Поим и дефинирање на поимот

Локалната самоуправа е дел од сложениот политички систем и претставува дел во однос на целината. Локалната самоуправа е дел и од правниот и од економскиот систем, дел од севкупниот општествено-економски систем.

Политичкиот систем претставува комплексна појава и структура во која се одвиваат многу процеси и односи поврзани со државата, но и со локалната самоуправа. Локалната самоуправа мора да се придржува на рамките на правилата на дадена држава. Тоа значи структурата и нормативните акти на локалната самоуправа да бидат усогласени со Уставот и законите на пошироката заедница. На овој начин локалната самоуправа станува интегриран дел, а не изолирана појава на пошироката заедница.

Корените на зборот community водат потекло од двата збора во индоевропското јазично подрачје „com“ што значи секој и „moin“ што значи размена. Кога овие два збора се употребуваат заедно, тогаш ја образуваат фразата што значи - споделено со сите. Овој збор еволуирал и во латинското јазично подрачје и таму зборот „communis“ значи извор, најчесто користен како извор на вода. Но, со тек на времето, Французите го адаптирале овој термин во „communer“ со што тој добил значење - употреблив за секого. Од сите можни значења на зборот „community“, кај нас е преземено неговото значење на заедница или со други зборови кажано, место кое не е ограничено со граници -територијално, туку место определено со заеднички живот. Денес онаа заедница која учи, всушност во целост ја следи традицијата на значењето на зборот. (Петковски, 2000)

Според Миленкова (2005) „Денес, во нашето секојдневие, со терминот заедница се означува место полно со активности, заемна почит, потоа признание за секој во тоа место кој е одговорен и е во сооднос со некој друг, бидејќи животот во таа заедница на сите е во заемна врска и релација. Заедницата што учи, всушност ја споделува заедничката обврска со училиштата во нејзин домен. Училиштата и заедницата се места каде што децата растат, ја негуваат и поддржувааттаа заедница, гледајќи во неа понатамошен развој. Кога веќе ги напомнавме клучните фактори во местото на живеење, треба да знаеме дека училиштата играат голема улога во креирањето на „природата“ на заедницата. Тој процес почнува уште при изборот на таа заедница како место на живеење на луѓето. Затоа природниот процес треба да стане дел од свеста на сите припадници на одредената заедница и сите заеднички да дејствуваат врз градењето на сигурна средина за живот и учење. Нашата локална заедница, во тој поглед, е мошне развиена и унапредена. Заземајќи го местото на една од најуспешните општини на ниво на град. Локалната заедница е развиена сама по себе, но таа е прилично вклучена и во развојот на училиштата и целокупниот образовен и културен систем во општината. Општината т.е. локалната заедница по жители е многу густо населена што е дополнителен успех за самата заедница. Колку бројот на населението се зголемува толку поголем успех доживува самата општина, бидејќи сите жители кои живеат заклучиле дека ова место ги содржи сите потребни услови за нормален и правилен развој на секој член од семејството. Локалната заедница, всушност, претставува институционалниот фактор во образовниот систем. Заедницата заедно со училиштата претставуваат динамичен склоп на активности кој е ефикасен во работата.“

Карактерот на политичкиот систем (состојбите, принципите) можат да влијаат на демократскиот развој на локалната самоуправа или, пак, да се одразат негативно. На пример доколку политичкиот систем е централизиран, тоа негативно ќе се одрази на локалната самоуправа и може да ја направи подредена и минорна во однос на пошироката заедница. Во спротивно, доколку политичкиот систем е децентрализиран, тогаш локалната самоуправа ќе се стреми кон развој и самостојност.

Во современите политички системи, централистичките тенденции се надминати на сметка на децентрализацијата и развојот на локалната самоуправа.

Од овие причини целта на овој труд е да се добијат сознанија во кој степен општина Куманово ги препознава и уважува значењето и улогата на образованието во развојот на општината и сложеноста на надлежностите кои Општината ги има во образованието. Дали Општината ја препознава потребата од квалитетни човечки, материјални и финансиски ресурси од кои зависи квалитетот на спроведувањето на оваа надлежност? Каква е комуникацијата меѓу општинската администрација и училиштата?

## 1.2. Дефиниција за локална самоуправа

Во политичката, правната и научната територија постојат повеќе дефиниции за локалната самоуправа. Дефинициите се израз на состојбите и статусот на локалната самоуправа во одредена земја или на проучување на повеќе системи и облици на локална самоуправа.

„Локалната самоуправа и локалната управа претставуваат политичко-правни рамки на раководење со една релативно ограничена територија која претставува подредена, во голема или во помала мера, единица на националната политичка организација“. (Гризо, Давитковски, Гелевски, Павловска-Данева, 2008)

„Локалната самоуправа претставува облик на управување во локалните заедници во кои граѓаните непосредно или преку претставнички тела и други локални органи, што самите ги избираат, одлучуваат за интересите и работите од локално значење во определени области на општествениот живот во локалната заедница. Тоа е, всушност, локална власт која ја вршат локалните органи“. (Силјановска-Давкова, Митков, 2000)

Во Република Македонија, единица на локалната самоуправа е општината, а Градот Скопје е посебна единица на локалната самоуправа.

„Општината се основа за подрачје на едно или повеќе населени места во кои граѓаните се поврзани со заеднички потреби и интереси, на кое постојат услови за материјален и општествен развој и за учество на граѓаните во одлучувањето за локалните потреби и интереси“.„Подрачјето на кое се основа општината треба да претставува природна географска и економска поврзана целина, со комуникации меѓу населените места и гравитација кон заемниот центар, како и да има изградени инфраструктурни објекти и објекти од општествен стандард“. (Закон за локална самоуправа, член 16 и 17„Службен весник на РМ“ бр.5/2002)

## 1.3. Карактеристики на локална самоуправа

Прашањата од локално значење ги решава локалната самоуправа. Локалната самоуправа најдобро ги познава спецификите на својата територија и затоа успешно може да се справи со сите предизвици на локално ниво. Таа полесно може да ги утврди своите приоритети затоа што е во блиска комуникација со населението.

Обележја или карактеристики на локалната самоуправа се следниве:

• локалната заедница е категорија на политичкиот систем и на уставното право;
• населението самостојно управува со работите во одредена локална заедница;
• локалната заедница е демократска установа важна за демократизацијата на политичкиот систем;
• локалната заедница се однесува на социолошки одредена заедница;
• во локалната самоуправа граѓаните сами ги избираат органите на локално управување;
• населението непосредно или преку своите органи ги врши функциите на локална власт и сите други функции врзани за локалната заедница (месна надлежност);
• претставничкото тело на локалната заедница има своја реална надлежност со чија реализација влијае врз животот на заедницата;
• претставничкото тело избира свои органи и установи;
• локалната самоуправа има свои извори на финансирање;
• односите со повисоките и централните органи се востановени со устав и закон.

## 1.4. Надлежности на единиците на локалната самоуправа во општина Куманово

Македонските општини се самостојни во регулирањето и во извршувањето на активности од јавен интерес и локално значење. Надлежностите се целосни и исклучиви и не смеат да бидат одземени од општините или да бидат ограничени, освен во случаите утврдени со закон. Законот, исто така, го промовира и начелото на супсидијарност, односно, со други зборови, правото на општините во рамките на нивните надлежности да одлучуваат за вршење на работите од јавен интерес и локално значење, кои не се исклучени од нивната надлежност и не потпаѓаат под надлежност на централната власт.

Додека централната власт сè уште е одговорна за националните интереси, какви што се: полицијата, одбраната, надворешната политика, макроекономијата и развојната стратегија, локалните власти се одговорни за прашања од локален интерес.

Во член 22 од Законот за локална самоуправа од 2002 година таксативно се наведени единаесет изворни надлежности на единиците на локалната самоуправа:

1. урбанистичко (урбано и рурално) планирање;
2. заштита на животната средина и природата;
3. локален економски развој;
4. комунални дејности;
5. култура;
6. спорт и рекреација;
7. социјална заштита и заштита на децата;
8. образование;
9. здравствена заштита;
10. заштита и спасување и
11. противпожарна заштита.

# 2. Сектор за образование при локалната самоуправа во општина Куманово

## 2.1. Општи податоци за Секторот за образование

### 2.1.1. Структура на Секторот за образование

Секторот за образование ја обединува, координира, контролира и ја следи и унапредува меѓусебната соработка на Одделението за предучилишно и основно образование и Одделението за средно образование и ученички стандард, кои се во негов состав.

- **Одделение за предучилишно и основно образование**

Одделението за предучилишно и основно образование ги врши работите што се однесуваат на: основање, функционирање и администрирање на основните училишта во општината и во соработка со другите сектори – одделенија за општинска администрација и централна власт, организирање на превоз на учениците, реонизацијата и мрежата на основното образование и други локални надлежности во основното образование, врши и други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот.

- **Одделение за средно образование и ученички стандард**

Одделението за средно образование и ученички стандард ги врши работите што се однесуваат на: основање, функционирање и администрирање на средното образование и општинските јавни установи од областа на ученичкиот стандард во соработка со други сектори – одделенија на општинската администрација и централната власт, организирање на превоз на учениците, ученичкиот стандард и сместување во ученичките домови, функционирањето и развојот на средното образование во општината и мрежата на средно образование и други локални надлежности во средното средно стручното образование и ученички стандард, врши и други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот.

### 2.1.2. Надлежности на Секторот за образование

Секторот за образование гиследи работите во основното и средното образование во општината, врши анализа на состојбите и дава иницијативи и предлага мерки и активности за нивно унапредување и решавање на проблемите, врши работи поврзани со планирањето на финансирањето и учеството на претставниците на Општината во органите на управување во основните и средни училишта и ученичките домови, предлага мерки и активности за подигање на нивото на ученичкиот стандард, дава информации и податоци во врска со активностите на Општина Кумановово сферата на основното и средното образование, ја координира својата работа со другите сектори во рамки на администрацијата на Општина Куманово.

При извршувањето на активностите, за кои е надлежен Секторот за образование, се следат насоките кои се добиени од страна на владините институции од ресорното министерство, како и одредени меѓународни организации. Секторот за образование развива и применува механизми и алатки со кои ќе ги оствари локалните стратегии, а воедно и локалните политики кои се во согласност со Националната стратегија за развој на образованието. На таков начин, преку создавање на развојна рамка, поквалитетно ќе се овозможи попрегледен пристап за менаџирање на обемната материја што ја наметнува областа образование. Тоа е неопходно, имајќи ги предвид обемниот број на училишта (17 основни и 5 средни училишта), големиот број на ученици и наставен кадар, односно развиената мрежа на основното и средното образование во општината.

Работата на Секторот за образование се однесува на многу сложена и динамична материја и функционирањето многу често е поврзано  со комплексни и подолгорочни процеси, кои како крајна цел треба да овозможат создавање на генерации на млади, кои преку квалитетно и одржливо образование ќе бидат компатибилни на пазарот на трудот.

### 2.1.3. Активности на Секторот за образование

Активности на Секторот за образование се:

- изготвува анализи, информации и извештаи за работите и состојбите воосновното и средното образование во Општина Куманово;
- подготвува предлог до Советот на општината за усвојување на годишната програма за работа и извештајот за реализација на годишната програма на основните и средните училишта и на ученичкиот дом;
- прибира податоци и прави анализи за запишување на ученици во првоодделение воосновно образование;
- прибира податоци и прави анализи на предлозите на училиштата за запишување ученици во прва година средно образование;
- подготвува предлог до МОН за запишување ученици во јавните средни училишта и за запишување и прием на ученици во ученичките домови;
- секторот изготвува извештаи и информации за реализација на уписната политика;
- подготвува предлог за формирање паралелки со помал број ученици во основните училишта и во средните училишта;
- изготвува евиденција за опфатот на децата во основното и средното образование и предлага мерки за подобрување на состојбите;
- ги следи состојбите за опфатот на децата со посебни потреби во системот на основното и средното образование;
- поддржува воннаставни активности во основните и јавните средни училишта;
- администрира давање согласности за нови вработувања на наставен и ненаставен кадар во основните училишта и јавните средни училишта;
- предлага мерки и активности за поддршка и помош на иницијативите за модернизација на училиштата и на ученичкиот дом;

- предлага мерки и активности за подобрување на функционалните аспекти на училишните згради и нивото на опременост на основните училишта и јавните средни училишта;
- ги следи кадровските, просторните и инфраструктурните состојби на објектите на основните и средните училишта;
- прибира и анализира податоци за состојбата на училишните објекти и нивната опременост;
- администрира постапка за аплицирање на објавени општински, републички и меѓународни проекти во областа на образованието.
- го следи спроведувањето на постапките по огласите за избор на директори на основните и јавните средни училишта и на ученичкиот дом;
- врши и други работи кои произлегуваат од годишните програми за активностите на Општина Куманово од областа на образованието.

## 2.2. Поддршка на активности кои ги реализираат основните и средните училишта

Основна цел на програмата на Секторот за образование е да се даде поддршка на основните и средните училишта во спроведување на воспитно-образовниот процес,во реализирање на проектни активности, едукација и поддршка на ученичкиот активизам, во локално поврзување на училиштата за развој на локалната заедница, како и поддршка на успешни училишни практики и поединци од образованието во Општина Куманово.

Поддршката на основните и средните училиштае планирана во следниве содржини:

- поддршка на образовните институции при планирање и реализирање на Годишните програми за работа на училиштата во настава, вон настава и училишни проекти

- поддршка на ученици од социјално ранливи категории

- поддршка на ученици со посебни образовни потреби

- поддршка на успешни поединци и добри образовни практики

Поддршката на активностите за реализирање на Годишните програми за работа на училиштата во настава, вон настава и училишни проекти произлегува од потребата за локална координација на програмските содржини предвидени во Годишните програми за работа на училиштата. Годишните програми за работа на училиштата се основа за планирање на содржините за поддршка на образованието.

Училиштата, а согласно на нив и Секторот за образование, планираат и реализираат содржини за работа во согласност со насоките од МОН, БРО и ЦСОО. Општина Куманово согласно со ингеренциите и согласно со Законот за локална самоуправа обезбедува поддршка на воспитно-образовниот процес во училиштата.

Секторот за образование, исто така,поддржува активности на основни и средни училишта од областа на:

- меѓуетничката интеграција во образованието -која се состои во поддршка на реализирање на програмите за меѓуетничка интеграција, предвидени во годишните програми на училиштата во Општина Куманово,
- младински активизам - која се состои во поддршка на настани, работилници на теми од интерес на младите, поддршка на идеи на младите за создавање на поубаво Куманово и сл.,
- заштита на здравјето, кое подразбира справување со пандемијата на ковид-19, кај младите на локално ниво, едукација за унапредување на здравјето и сл.

## 2.3. Човечки ресурси во Секторот за образование

Секторот за образование има потреба од зајакнување на капацитетите со поголем број на извршители и потребна логистичка поддршка (компетентни ИТ извршители, соодветни софтвери, нови механизми на комуникации и соработка со другите сектори и другите инволвирани институции), заради непречено функционирање на секторот.

### 2.3.1.Поддршка на активности кои ги реализираат основните и средните училишта во општина Куманово

Основна цел на програмата на Секторот за образование е да се даде поддршка на основните и средните училишта во спроведување на воспитно-образовниот процес, во реализирање на проектни активности, едукација и поддршка на ученичкиот активизам, во локално поврзување на училиштата за развој на локалната заедница, како и поддршка на успешни училишни практики и поединци од образованието во Општина Куманово.

Поддршката на основните и средните училишта е планирана преку следниве содржини:

- поддршка на образовните институции при планирање и реализирање на Годишните програми за работа на училиштата во настава, вон настава и училишни проекти;
- поддршка на ученици од социјално ранливи категории;
- поддршка на ученици со посебни образовни потреби;
- поддршка на успешни поединци и добри образовни практики.

Поддршката на активностите за реализирање на Годишните програми за работа на училиштата во настава, воннастава и училишни проекти произлегува од потребата за локална координација на програмските содржини предвидени во Годишните програми за работа на училиштата. Годишните програми за работа на училиштата се основа за планирање на содржините за поддршка на образованието.

Училиштата, а согласно на нив и Секторот за образование, планираат и реализираат содржини за работа во согласност со насоките од МОН, БРО и ЦСОО. Општина Куманово согласно со ингеренциите и согласно со Законот за локална самоуправа обезбедува поддршка на воспитно-образовниот процес во училиштата.

Секторот за образование, исто така, поддржува активности на основни и средни училишта од областа на:

• меѓуетничката интеграција во образованието - која се состои во поддршка на реализирање на програмите за меѓуетничка интеграција, предвидени во годишните програми на училиштата во Општина Куманово;

• младински активизам - која се состои во поддршка на настани, работилници на теми од интерес на младите, поддршка на идеи на младите за создавање на поубаво Куманово и сл.

## 2.4. Администрирање на постапки од локална надлежност во основното и средното образование во Општина Куманово

Администрирањето на постапките од локалната надлежност во основното и средното образование во Општина Куманово се врши врз основа на имплементирање на Законот за локалната самоуправа и посебните закони и подзаконски акти во сферата на основното образование и средното образование и ученички стандард, како и имплементирање на одлуките и заклучоците на Советот на Општината и документите од Стратегијата за развој на образованието.

Секторот за образование ја обединува, координира, контролира и ја следи и унапредува меѓусебната соработка на двете одделенија во својот состав: Одделение за предучилишно и основно образование и Одделение за средно образование и ученички стандард.

### 2.4.1. Администрирање на процесот на запишување на училишни обврзници – ученици во прво одделение на задолжително основно образование

Администрирањето на процесот на запишување на ученици во прво одделение на задолжително основно образование содржи неколку процедури преку кои се води целиот процес, и тоа:

- барање од Секторот за образование до Министерство за правда, Управа за водење на матичните книги, Подрачно одделение - Куманово, за достава на списокот на училишните обврзници за запишување во прво одделение за претстојната учебна година, (во текот на април) и врачување на тој список на директорите на основните училишта за запишување на училишните обврзници во месец мај;

- прибирање на првични податоци за бројот на запишаните ученици во прво одделение – јуни и јули;
- доставување на бараните и добиените податоци до Министерството за образование и наука (според добиеното барање од МОН);
- сумирање на запишаниот број на првачиња со состојба на 5 септември.

**2.4.2. Администрирање на процесот на запишување на ученици во I година на задолжителното средно образование**

Администрирањето на процесот за запишување на ученици во I година на задолжителното средно образование предвидува повеќе процедури за кои се надлежни Министерството за образование и наука и Секторот за образование на општина Куманово, и тоа:

- Администрирање со табеларни прегледи - предлози за запишување на ученици во прва година во јавните средни училишта, кои се добиваат од општинските средни училишта (според добиеното барање од Министерството за образование и наука, на почетокот на јануари);
- Достава на добиените табеларни прегледи со предлози до Министерството за образование и наука, кое најдоцна до 31 март во тековната, за претстојната учебна година, во средства за јавно информирање објавува Конкурс за запишување на ученици во јавните средни училишта во Република Македонија;
- Согласно барање од Министерството за образование и наука, општинските средни училишта во јуни-август доставуваат (доМинистерството за образование и наука и Општина Куманово - Сектор за образование) Извештај за пријавени и запишани ученици во прва година во претстојната учебна година за првиот и за вториот уписен рок.

**2.4.3. Администрирање на барањата за добивање согласност за вработување на определено време по основ на итни и неодложни потреби и по пат на јавен оглас во општинските основни и средни училишта – старо и ново финансирање**

Како и претходно, администрирањето на барањата за добивање согласност за вработување на определено време по основ на итни и неодложни потреби, како и по

пат на јавен оглас во општинските основни и средни училишта (старо и ново финансирање) подлежат под одредени процедури коишто е потребно да се реализираат преку Министерството за образование и наука и усогласени со општината во која е побарано вработувањето, тие процедури се следните:

- Во пресрет на новата учебна година, во јули и август, по барање на МОН, прибирање и достава до МОН, во хартиена и во електронска форма, на барањата од ООУ и СОУ за вработување на определено време – старо и ново финансирање и, по добиените согласностиод МОН, писмена достава на истите до училиштата – баратели;
- Во текот на учебната година, администрирање по барањата од ООУ и СОУ за вработување на определено време – старо финансирање по основ на замена по одредени основи (болест, породилно боледување, неплатено отсуство, пензионирање, смрт на работникот, престанок на работен однос), по итни и неодложни работи до 1, односно 3 месеци, без јавен оглас, од страна на Градоначалникот, внесување на издадените согласности – Преглед бр.1 во посебен, месечен Преглед и достава на месечниот Преглед, по истек на тековниот месец, до МОН и Секторот за финансиски прашања на Општината);
- Во текот на учебната година, администрирање по барањата од ООУ и СОУ за вработување на определено време – старо финансирање по основ на замена по одредени основи, по пат на јавен оглас за период подолг од 1, односно 3 месеци, достава на тие барања (Преглед бр.1 – старо финансирање, копија на документот за основот на замената и др.) до МОН, а по добивањето на согласноста од МОН, негово доставување до училиштето- барател;
- Во текот на учебна година, администрирање по барањата од ООУ и СОУ за вработување на определено време - ново финансирање и нивно доставување до МОН, а по добивањето на одговор од МОН, негово доставување до училиштето – барател.

### 2.4.4. Подготовка на информации од областа на образованието за Совет на Општината

Советот на Општината е надлежен и за информациите коишто ги дава Општината од областа на образованието, врз основа на тоа и информациите што се

проследуваат до јавноста поминуваат низ фази на подготовка на истите. Подготовката на информациите од областа на образованието за Советот на Општината се:

1. Изработка и подготовка на следните материјали кои се утврдени во Програмата за работа на Советот на Општина Куманово:
   - Информација за состојбите на училишните објекти на општинските основни училишта во кои не се одржува воспитно-образовниот процес (јули-август);
   - Информација за запишување на училишните обврзници во прво одделение во општинските основни училишта и состојби во основното образование во Општина Куманово во учебната година (октомври-ноември);
   - Информација за запишување на учениците во I година и состојби на средните училишта и ЈУ – ОУД „Професор Мијалковиќ“ во Општина Куманово во учебната година (октомври-ноември).
   - По нивна изработка, достава до Секторот за поддршка на Градоначалникот и Советот на Општина Куманово, за нивен превод на албански јазик и нивно поставување на седница на Совет на Општина Куманово.

**2.4.5. Подготовка на статистички преглед од областа на основното и средното образование во општина Куманово**

Креирање на база на статистички податоци кои се однесуваат на: број и структура на учениците, според одделни училишта – централни и подрачни според наставен јазик, пол, национална припадност, училишни возрасти – одделенија/клас; број на наставен и ненаставен кадар, според видот на работниот однос – определено или неопределено, според квалификациите, националната припадност, степен на образование и др.; податоци за објектите – училишен простор, друг простор, бројот на училишни објекти и сл.; број на одделенија/клас според бројот на учениците во нив и др.; број на запишани ученици во прво одделение/прва година, број на завршени ученици во деветто одделение и др.; податоци за бројот на наставните групи по изборните предмети и бројот и структурата на учениците во нив и др.;

Секторот за образование, доставува статистички податоци до МОН, до Институциите и до другите сектори во Општината, по барање од нивна страна.

## 3. Локалната заедница и училиштето – како дел од организираниот систем

Времето во кое работиме и живееме ни наметнува најразлични концепти на живот. Истото тоа време е филтер низ кој поминуваат безброј „супстанции“, кои во зависност од нивната цврстина остануваат и се задржуваат во секојдневието а некои се проголтани од тој филтер. Низ тој филтер поминуваат и многу системи, организации кои не се секогаш успешни во своето дејствување. Еден таков систем или повеќе склоп на организациски систем се локалната заедница и училиштата во истата, кои успеале да се задржат на филтерот и го надминале истиот. Секоја организација како општествен систем т.е. склоп содржи два внатрешни фактори кои се особено важни за создавање на училиштето како организациски систем со локалната заедница. Тие два елемента - фактори се институционалниот и индивидуалниот фактор. Првиот од двата фактора ги претставува официјалните улоги застапени од поединци (градоначалникот на лок. заедница). Ако овој фактор се разбира и при тоа се применува, потребно е да се респектира и индивидуалниот т.е. персоналниот фактор. (Gerald & Larry, 1991)

Според Петковски (2000) „Тој се занимава со индивидуалните потреби, способности на самите вработени, наставничкиот кадар и директорот во училиштата. Доколку во ваквиот склоп на организација се успее да се воспостави една рамнотежа помеѓу институционалното и индивидуалното, тогаш станува збор за „здрава организација“. Во нашиот случај тоа е успешно и успешно функционира. Подрачјето Соработка на училиштето со локалната заедница има за цел да го стави во педагошко-дидактичка функција сето она што може да го понуди локалната средина за поуспешно остварување на програмските задачи на училиштето, како и да влијае на подигнувањето на културното и образовното ниво на месното население, најмногу на младите корисници — учениците. Од педагошки аспект тоа подразбира училиштето активно да се вклучи во средината во која е лоцирано, редовно да ја информира истата таа средина за постигнатите резултати, присутни состојби и проблеми, да ја развива соработката со родителите на сите можни начини како и со други воспитно- образовни установи и институции од областа на културата, стопанството и разни други органи и организации кои транзитираат низ локалната

заедница. Таква современа соработка претставува овој склоп на организациски систем помеѓу училиштата и локалната заедница. Таа соработка во нашата заедница е разгранета во сите три училишта и досега е навистина успешна. Истата е успешна затоа што тоа раководењето на самиот систем е координиран со поделба на одговорностите и трансфер на надлежностите на сојузниците."

Училиштето претставува динамичен организациски систем кој укажува на неговото постојано движење по нагорна линија во однос на промените кои настануваат во денешницата. Промените ги предизвикува средината т.е. нашето опкружување. Училиштето како микро воспитно-образовна организација е сегмент кој постојано ги прифаќа новите образовни тенденции и на истите им овозможува раѓање, заживување, опстојување но и нивно умирање во рамките на работната организација, за да на нивно место се родат и потоа заживеат нови и нови интенции. (Шкариќ, 2004)

„Таквиот процес никогаш не запира, напротив тој се забрзува. Колку динамиката во училиштето е поголема толку тоа е поуспешно односно ефикасно. За остварување на таа ефикасност на самото тоа училиште (во нашиот случај - училишта) од голема важност е квалитетот на човечките, финансиските, но и техничките ресурси, како и од успешното воспоставување на релација помеѓу локалната заедница и училиштата (градоначалникот и директорот). Секоја воспоставена релација значи придвижување на поставената организациска цел и нејзино извршување. За целосен успех потребно е успешно раководење со соодветно делегирање на одговорностите и трансферот на обврски. Училиштето претставува организациски систем во кој основна цел е постигнување на високи резултати во согласност со вредностите во општеството т.е. во локалната заедница, во рамките на воспитанието и образованието. Училиштето што знае што треба да работи и го работи тоа на вистински начин повеќе од сигурно е ефективно и ефикасно. Како што напомнавме училиштето е дејност каде се спојуваат два основни поими : воспитание и образование". (Шкариќ, 2004)

„Овие два поими се клучните фактори за нормален развој на училиштата и често нивното дефинирање оди во различни насоки. Постојат различни дефиниции за поимите „образование" и „воспитание". Во педагошката пракса образованието се разбира како потесен поим од воспитанието. Воспитанието може да се толкува

икако дел од образованието, иако значењето на овие два поими може да се раздвои. Теоретски тие можат различно да се дефинираат, но непобитна е нивната дијалектична поврзаност, каде тие се преплетуваат и преклопуваат. Воспитанието е иманентна општествена дејност, историска категорија бидејќи ги поврзува историските епохи и векови, како и генерациска појава.“ (Ратковиќ,1997)

Според, Ратковиќ (1998) „Воспитанието е намерен, плански и организиран процес со цел човечките индивидуи да се преобразат во потполни личности. Затоа истото се интерпретира како свесно и намерно, плански и систематски организирано делување на целокупниот развој, изградување и обликување на човекот во склад со одредена цел. Образованието пак подразбира свесно организиран општествен процес во кој членовите на општествената заедница стекнуваат знаења и вештини потребни за вршење на нивните дејности. Афирмирањето т.е. реализацијата на овие поими се спроведува со помош и под раководство на локалната заедница, која го следи текот и развојот на училиштата, кои се во нејзин домен. Од особено значење е брзото и квалитетно внесување на промените во образовниот систем на една локална заедница, но уште поважно е нивното брзо заживување, кое секако не би успеало без постоење на вертикална и хоризонтална комуникација помеѓу клучните сегменти - локалната заедница и училиштата.“

Училиштето е седиште на училишната клима и училишната култура која добива повисок степен на развој ако во истата учествуваат сите алки на синџирот на развој - локалната заедница, градоначалникот, училиштата со наставниот кадар, директорот и училишниот одбор. Нивното взаемно функционирање придонесува нашата општина да стане современа и развиена во поглед на образованието. Затоа овој труд е насочен токму во тој правец. Самото истражување ќе ја третира таа врска на меѓусебна соработка како најсилен адут за создавање поволна клима за работа, дејствување и развивање во која добро мотивираниот кадар ќе ги надмине сите негативни влијанија на материјално-техничките како и финансиските недостатоци независно од која страна се јавуваат. Но, за да сето тоа успее треба да знаеме дека целото основно образование се темели врз однапред утврдени определби содржани во Уставот, Законот за основното образование, позитивните страни на нашиот

образовен систем и анализите на задолжителното образование. (Прирачник за наставниците во основното образование, 2009)

Според тој урнек на податоци и информации се развива образованието во нашите училишта и локалната заедница. Создавањето на пријатен амбиент за работа зависи од повеќе фактори, кои ќе бидат разгледани во нашава студија на случај. Според Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование („Службен весник на Р.М.“ бр. 63,20.09.2004 год.)

Децентрализацијата на образованието во Македонија се доживуваше како политички императив, но со текот на времето се покажа дека таа придонесува за:зајакнување на одговорноста за образованието, подигнување на квалитетот на образовните услуги и ефикасно користење на ресурсите во образованието. Освен трансферот на надлежностите кон единиците на локалната самоуправа, децентрализацијата подразбира и јакнење на училишната автономија.

Процесот на децентрализација во Република Македонија започна на 1 јули 2005 година и со тоа локалните самоуправи ја презедоа одговорноста за образованието.Општините ја презедоа сопственоста врз училишните згради, нивното одржување и превозот на учениците, за кои Владата обезбедува наменска дотација. Децентрализацијата на образованието се спроведе во две фази.

Првата фаза на децентрализација на образованието вклучуваше пренос на сопственоста врз училишната зграда, нејзиното одржување и превозот на учениците за што Владата обезбедува наменска дотација.

Втората фаза започна во 2007 година и вклучува и одговорност за наставниците, техничкиот и административниот персонал. Во оваа фаза Владата обезбедува блок дотации со цел општините да ги извршуваат своите надлежности.

Стратешкото планирање е важна алатка за локалните власти да се подготват за новите децентрализирани задачи преку планирање.

Врз основа на демократската и автономна улога како локални власти, општините можат да дефинираат свои сопствени локални цели и приоритети во своите стратешки планирања, притоа тие треба да бидат во корелација со стратешките приоритети на Владата и државниот буџет. Секоја општина е различна и специфична сама по себе. Потребите за планирање и капацитетот кој

го поседуваат е различен, па затоа секоја општина сама одлучува каде, во кои области ќе го насочи вниманието при планирањето.

Стратешкиот план на општината е рамка и упатство за изготвување на секторските планови и за конкретни области за планирање.

Со пренесувањето на новите надлежности од централно на локално ниво во областа на образованието во Република Македонија, локалната самоуправа треба да изнајде стратешки начин за нивно реализирање. Тоа ќе овозможи оптимална ефикасност и успешно управување со основното и средното образование кои се од голема важност за локалната заедница.

За новите надлежности во образованието потребно е реформирање на стариот систем на управување со училиштата и да се изготви локална стратегија за образование за подобрување на управувањето и квалитетот на образованието во следните години. Затоа, од голема важност за локалната самоуправа е да се изработи кохерентен план што ќе ги комбинира (интегрира) најважните, долгорочни цели на општината, нејзината политика и програми. Со овој стратешки план локалната самоуправа ќе добие јасна слика за состојбата во образовниот сектор и ќе се направипо вистинската насока за подобрување на квалитетот на наставата, подобрување на квалитетот на училишната опрема и подобрување на училишните објекти. (Комисија за образование при Општина Теарце со помош на тимот на ПЛУУМ, 2007)

Со процесот на децентрализација, македонските општини станаа директно надлежни за развојот на образованието на локално ниво, како и за реализацијата на целиот процес на стратешки менаџмент (од анализа на опкружувањето, преку подготовка на стратегиските документи, па сè до нивната имплементација, оцена и контрола). Тие станаа менаџери кои треба да ги носат клучните стратешки одлуки за развојот на општинските основни/средни училишта.

Надворешното опкружување, како што се, отворањето на приватни училишта, можноста за искористување на ЕУ фондовите, дополнително ја зголемуваат потребата за анализа и потреба од стратешко планирање во образованието.

# 4. Стратегија за образование на Општина Куманово

Усвојувањето на Концепцијата за основно образование, промената на условите за реализирање на воспитно-образовниот процес, која настана како резултат на пандемијата со коронавирусот ковид-19, потребата од дигитализација во образованието и потребата од вклучување во актуелните државни, регионални и меѓународни образовни текови, имплицира потреба од донесување на Стратегија за образование на Општина Куманово која ќе биде компатибилна со Стратегијата за образованието на Република Македонија за 2018-2025.

Стратегијата за образованието на Општина Куманово за 2023-2028 година ќе претставува основа за активностите на институциите во Општина Куманово во полето на образованието, во периодот до 2028 година. Таа тргнува од постојните состојби во образовниот систем и има за цел постепено да ги подобри истите, во согласност со утврдените приоритети. Стратегијата ќе се темели на јасно утврдување на главните предизвици во образовниот сектор, со што се обезбедува нејзината релевантност преку внимателно дефинирање на приоритетните области на кои треба да се обрне внимание во временскиот период до 2028 година. Истовремено, со цел да се исполни критериумот за кредибилност, во Стратегијата ќе бидат вклучени само оние мерки кои можат да се спроведат во планираниот период и истите се поддржани со Акциски план којшто вклучува трошоци и извори на финансирање. Стратегијата, исто така, предложува и подолгорочни цели коишто можат да се земат предвид кога ќе се програмираат следните фази на развој на образованието во Општината согласно со развојот на образованието во Република Северна Македонија.

Стратегијата треба да опфати три главни столбови на образованието во Општината: основно образование, средно гимназиско образование и средно стручно образование. За секој од трите столба потребно е да се направи преглед на состојбата и досегашните активности, идентификување на предизвиците, дефинирање на приоритетите и очекуваните исходи коишто треба да се постигнат. Исто така, потребно е да се определат и начелата за спроведување, мониторинг и евалуација на Стратегијата, како и да се изработи Акцискиот план за спроведување на предвидените активности во Стратегијата.

За да се изработи Стратегијата за образование на Општина Куманово потребно е идентификување на предизвиците и приоритетите и определувањето на мерките и активностите кои треба да се реализираат во поглед на:

• преглед на состојбите во развојот на образованието во Општина Куманово, во последните 5 години, направен од страна на работни групи (РГ) формирани за потребите на подготовката на оваа Стратегија;

• проучување на главните сеопфатни национални стратегии, документите што ги содржат образовните политики и политиките во другите сектори поврзани со образованието, како и другите документи што ги содржат државните, европските и регионалните политики кои имаат влијание врз образованието;

• консултација на различни клучни заинтересирани страни како што се основните и средните општински училишта, Комисијата за образование при Совет на Општината, националните институции, граѓанските организации, социјалните партнери, бизнис-секторот, експерти за образование и професионалци од праксата, преку реализирање на средби, дискусии, дебати, работилници и конференции.

## 5. Структурна поставеност на Годишната програма за работа на Секторот за образование во општина Куманово

Секторот за образование во општина Куманово за секоја претстојна учебна година изработува годишна програма со која ја планира и според која ја реализира својата работа за таа учебна година. Годишната програма на Секторот за образование се состои од три дела:

- податоци за структурата на Секторот за образование;
- надлежности и активности на Секторот за образование и
- планирани активности за работа на Секторот за образование.

Секторот за образование Годишната програма ја изработува врз основа на неколку домашни и меѓународни законски регулативи и документи, и тоа:

- Законот за основно образование;

- Закон за средното образование;

- Закон за локална самоуправа;

- Закон за Бирото за развој на образованието;

- Закон за стручно образование и обука;

- Закон за образование на возрасни;

- Закон за заштита на децата;

- Закон за работни односи;

- Стратегијата за децентрализација на образованието;

- Стратегија за образованието за 2018-2025;

- Националната програма за развој на образованието во РМ (2018-2025);

- Националната стратегија за одржлив развој во РМ (2009-2030);

- Концепција за основно образование;

- Концепција за инклузивно образование;

- Концепт за развивање на систем за образование од далечина во основните и средните училишта во РСМ;

- Концепција за државно тестирање во основно образование;

- Концепција за воннаставни активности во основно образование;

- Концепт учење преку работа во РСМ;

- Уредби и протоколи за постапување, организирање и реализирање на воспитно-образовниот процес донесени од страна на Министерството за образование и наука;

- Конвенцијата на Обединетите нации за правото на децата (1989);

- Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност (2006);

- Светската декларација „Образование за сите“ (1990);

- Дакарската декларација „Квалитетно образование за сите“ (2000);

- Милениумските развојни цели на Обединетите нации (2000);

- Декларацијата од Саламанка (1994);

- Инчеонската декларација „Образование 2030“ на УНЕСКО (2015);

- Стратегија за образование на УНИЦЕФ (2019 – 2030);

- Европската стратегија 2020 (2009), како и документите за развивање на клучните компетенции (2006) и сите натамошни препораки за базирање на образованието во Европа на клучните компетенции за доживотно учење (2018).

### 5.1. Структура на Секторот за образование

Во составот на Секторот за образование спаѓаат Одделението за предучилишно и основно образование и Одделението за средно образование и ученички стандард. Тој ја обединува, координира, контролира и ја следи и унапредува нивната меѓусебна соработка.

- **Одделение за предучилишно и основно образование**врши: основање, функционирање и администрирање на основните училишта во општината, организирање на превоз на учениците, реонизацијата и функционирањето на мрежата на основното образование.
- **Одделение за средно образование и ученички стандард** врши: основање, функционирање и администрирање на средното образование и општинските јавниустановиод областа на ученичкиот стандард, организирање на превоз на учениците, ученичкиот стандард и сместувањево ученички дом, функционирање и развој на средното образование во општината и мрежата на средното образование.

# 6. Структура на основно и средно образование на територија на општина Куманово

На територијата на општина Куманово, како најголема општина во РС Македонија, има голем број на воспитно-образовни институции од потсистемите за основно и средно образование, како и богата воспитно-образовна „инфраструктура“ во секоја смисла на зборот. Согласно со нејзината изразена мултиетничка структура, наставата се изведува на три наставни јазици и тоа: на македонски, албански и српски јазик.

Според податоците претставени во табела со реден број 1, може да се заклучи дека на територијата на општина Куманово, припаѓаат 16 основни училишта од кои 8 основни училишта имаат и подрачни училишта.Наставата ја посетуваат вкупно 10.097 ученици, со напомена дека во општина Куманово постои и основно музичко училиште УОМО „Панче Пешев“, во коешто наставата ја следат 193 ученици. Согласно со најновите измени во Законот за основно образование, евидентирани се и ученици со посебни образовни потреби во основните училишта, и тоа 149 се со наод и мислење (категоризирани) и 231 ученик се без наод и мислење (некатегоризирани).

Табела бр. 1 Број на ученици во основните училишта на територија на општина Куманово

| **Реден број** | **Назив на основно училиште** | **Број на ученици** |
|---|---|---|
| **1.** | ООУ„Бајрам Шабани“ | 1067 |
| **2.** | ООУ„Браќа Миладиновци“ | 1269 |
| **3.** | ООУ „Кочо Рацин“ | 1243 |
| **4.** | ООУ„Крсте Мисирков“ | 1011 |
| **5.** | ООУ„Наим Фрашери“ | 1175 |

| | | |
|---|---|---|
| **6.** | ООУ „Христијан Карпош“ | 1115 |
| **7.** | ООУ„Јероним Де Рада“ с.Черкези | 501 |
| **8.** | ООУ„11 Октомври“ | 423 |
| **9.** | ООУ „Кирил и Методиј “ с.Романовце | 374 |
| **10.** | ООУ„Магдалена Антова“ | 679 |
| **11.** | ООУ„Толи Зордумис“ | 490 |
| **12.** | ООУ„Браќа Рибар“ с.Табановце | 245 |
| **13.** | ООУ„Битолски Конгрес“ с.Лопате | 228 |
| **14.** | ООУ„Вера Которка“ с.Клечовце | 65 |
| **15.** | ООУ„Вук Караџиќ“ | 84 |
| **16.** | ООУ „Карпош“ с.Умин Дол | 128 |
| | **Вкупно:** | **10.097** |

Наставата во одделенска настава се реализира во 372 паралелки, а додека пак во предметна настава, наставата се реализира во 249 паралелки. Одделенската настава ја реализираат 336 наставници, а додека пак наставата во предметна настава ја реализираат 564 наставници. Во основните училишта, евидентирани се 26 лица кои вршат раководни функции, 20 лица припаѓаат на административниот кадар, 61 лице го сочинуваат стручниот кадар и 159 лица се дел од техничкиот кадар.

Табела бр. 2 Преглед на средни училишта и број на ученици во средното образование во учебната 2022/2023 година

| **Реден број** | **Назив на средно училиште** | **Број на ученици** |
|---|---|---|
| **1.** | СОУ Гимназија „Гоце Делчев“ | 836 |
| **2.** | СОУ Гимназија „Сами Фрашери“ | 669 |
| **3.** | СОУ „Перо Наков“ | 805 |
| **4.** | ОСТУ „Наце Буѓони“ | 1817 |
| | **Вкупно:** | **4127** |

Наставата во средните училишта на територија на општина Куманово ја реализираат 414 наставници. Во средните училишта, евидентирани се 14 лица кои вршат раководни функции, 22 лица го сочинуваат стручниот кадар и 82 лица припаѓаат на административно-техничкиот кадар.

Табела бр. 3 Преглед на вкупниот број на запишани ученици според наставен јазик во средните училишта на Општина Куманово во учебните 2020/2021, 2021/2022 и 2022/2023 година

| **Р.б** | **Општинско Средно училиште** | **Учебна 2020/2021 год.** | | | **Учебна 2021/2022 год.** | | | **Учебна 2022/2023 год.** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Мак. наставе | Алб. наставе | Српс. наставе | Мак. наставе | Алб. наставе | Српс. наставе | Мак. наставе | Алб. наставе | Српс.на ставења |
| 1 | СОУ Гимназија „Гоце Делчев“ | 944 | / | / | 936 | / | 3 | 830 | / | 6 |
| 2 | СОУ Гимназија „Сами Фрашери“ | / | 801 | / | / | 744 | / | / | 671 | / |
| 3 | СОУ „Перо Наков“ | 545 | 274 | / | 512 | 291 | / | 513 | 292 | / |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4 | ОСТУ „Наце Буѓони“ | 887 | 1057 | / | 897 | 1040 | / | 832 | 985 | |
| | **Вкупно:** | **2376** | **2132** | / | **2345** | **2075** | **3** | **2175** | **1948** | **6** |
| | | **4508** | | | **4423** | | | **4126** | | |

## 7. Релевантни истражувања

Во магистерскиот труд „Локалната самоуправа и стратешкото планирање во образованието“ од м-р Љупка Трајчевска, истражувачкиот интерес е насочен кон стратешкото планирање на образованието во локалната самоуправа, преку кој авторката опфаќа анализа на реалната состојба во училиштата преку испитување на ставови и мислења на претставниците од локалната самоуправа, родителите и претставниците од училиштата за потребата и можностите од стратешко планирање во образованието. (Трајческа, 2019)

Накратко, целите на трудот се однесуваат на испитување на ставовите и мислењата на засегнатите страни во однос на потребата од стратешко планирање на образованието и нивната вклученост во креирањето на образовни политики на ниво на општина. Притоа, е извршено утврдување на потребата за стратешко планирање вообразованието; фактичката состојба на образованието во општината, како почетна етапа во процесот на стратешко планирање во образованието, како и вклученоста на засегнатите страни во стратешкотопланирање.

Според податоците добиени од истражувањето, авторката истакнува дека Процесот на **децентрализација** го подобрува управувањето и раководењето со училиштата на локално ниво. Со процесот на децентрализација општините имаат формирано административни единици за образование. Во некои општини постои сектор за образование, а во повеќето општини одделение за образование. Мал е бројот на општини каде што постои само едно лице одговорно за образование. Бројот на лицата вработени во општината, а одговорни за образованието укажува на спремноста на општините да се носат со предизвикот за подобрување наобразованието.

При изработка на **локалната стратегија** за развој на образованието, општините ги поседуваат: анализа на состојбата на образованието и истражување на задоволството на засегнатите страни, истите се потребни за изработка на стратешки план. Стратешкиот план е потребен и важен за подобрување на образованието на локално ниво. Ваквото истражување, локалните власти го прават пред сѐ од желба за зголемување на квалитетот во образованието, но не помалку се важни и притисоците од надворешното опкружување и привлекувањето на донатори за финансирање на проекти за развој на образованието.

Поставувањето на визија, цели, приоритети и проекти го подобрува образованието на локалнониво.

Стратегиите имаат цел да обезбедат квалитет на образованието, зголемена соработка со граѓаните во делот на планирањето и развојот на образованието и во делот на соработката на општината со партнерите на национално и меѓународнониво.

**Финансирањето** во образованието во општината се одвива преку средства добиени од централната власт како блок-дотација и сопствени средства предвидени во буџетот на општината, како и преку обезбедување средства од надворешни извори нафинансирање. Засегнатите страни сметаат дека општината издвојува финансиски средства за образованието, но недоволно. Потребно е поголемо инвестирање од страна на општината за задоволување на воспитно-образовниот процес на локално ниво.

Општините своето внимание треба да го насочат кон воспоставување практика на правење анализа на финансиската состојба и потребите на училиштата. Финансиските средства општините треба да ги доставуваат до училиштата навремено. Потребно е да сеизнајде начин несоодветната методологија за распределба на блок-дотациите да се замени со нови критериуми за распределба на финансиските средства меѓу училиштата.

**Соработката** на општините со централната власт (МОН, БРО, ДПИ, ПЗ) е неопходна и континуирана и е потребно да се вложат сили за подобрување на таа соработка, бидејќи авторката заклучува дека има недоволна размена на знаења и

искуства меѓу засегнатите страни и МОН. Оваа соработка најчесто се остварува преку средби и состаноци со директорите на училиштата, усна комуникација и електронски, а поретко и преку писмена комуникација (достава на барања, извештаи и програми).

Граѓаните и засегнатите страни за состојбата во образованието, најчесто се **информирани** преку локалните медиуми (ТВ, весник) и интернет-страниците на Општината, а поретко и преку месни заедници, огласни табли и анкети.

Родителите кои директно се вклучени во воспитно-образовниот процес, се изјасниле дека се задоволни од информираноста за индивидуалниот напредок и постигнувањата на учениците, затоа што во училиштата постои транспарентност во планирањето и трошењето на училишниотбуџет.

Авторката Трајчевска препорачува дека ИКТ-алатките (училишните и општинските веб-страници, Е-дневникот и сл.), треба сѐ почесто да се користат во градењето на стратегијата за соработка со граѓаните и образовните институции.

Општините сметаат дека засегнатите страни редовно ги **вклучуваат** во процесот на планирање во образованието на локалнониво.

Според добиените податоци од истражувањето, авторката истакнува дека засегнатите страни по ова прашање сметаат дека општинската администрација, директорот и наставниците секогаш се вклучени во процесот на планирање на образованието на локално ниво, додека родителите преку училишниот одбор и учениците се делумно/повремено вклучени. Ова дополнително упатува кон изнаоѓање механизми за поголема вклученост на родителите и учениците како засегната и битна страна за образовниотпроцес. Во однос на планирањето на документите од страна на училиштата и општината, засегнатите страни истакнуваат дека во планирањето на документите од страна на училиштето се вклучени секогаш, но во документите од општината воопшто не се вклучени, па затоа општините треба да вложат сили како да ги вклучат. Притоа, авторката Трајчевска истакнува дека е потребно во изработката на стратегијата, од која подоцна ќе произлегуваат и програмите и проектите, вклучување и на засегнатите страни.

Општините располагаат сосоодветни **ресурси**, при што имаат квалитетна општинска администрација, едуциран наставен кадар и менаџерски тим кој може да биде искористен во насока на подобрување на образованието. А, училиштата имаат стабилна инфраструктурна состојба којашто овозможува развој на образованието, добро оспособени училишни згради, спортските сали, игралишта и уредени дворниповршини, кои правилно се користат.Но, се јавува потреба од постојана едукација, стручно усовршување и мотивација на општинската администрација и на наставниот кадар во училиштата заради подобрување на стандардите и квалитетот на образованието.

Учениците, коисе најглавен субјект во воспитно-образовниот процес, се добри згрижени и поддржани од страна на училиштата. Тие се безбедни и заштитени од елементарни непогоди, насилство, пушење и алкохол во училиштата. Се внимава на нивната меѓусебна интеракција, редот и дисциплината за време на наставата, се води грижа за здравјето на учениците и правилно се насочуваат при изборот на занимање при премин во наредна фаза од образовниот процес.

Образованието е еден од клучните елементи од кои зависат квалитетот на социјалниот и економскиот живот во општеството. Затоа стратешкото планирање во образованието дефинира механизми и обезбедува ресурси со кои ќе ги вклучи сите релевантни фактори во развојот на квалитетен воспитно-образовен систем во државата. За образовната стратегијата е битно да воспостави ефективни партнерства со јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор. Како клучен фактор зауспех на стратешкото планирање во образованието, авторката истакнува дека е создавање на квалитетни предуслови за спроведување на истото, коешто се постигнува преку посветеност на највисоките раководни структури и мотивираност на засегнатите страни за учество во процесот.

# II ДЕЛ

# Методологија на истражувањето

## 1. Предмет на истражувањето

Предмет на истражувањето, во поширок контекст е утврдување на меѓуинституционалната поврзаности соработка на локалната самоуправа со основните и средните училишта на територија на општина Куманово. Утврдувањето на стратешката и програмската поставеност на образованието во локален контекст е во непосредна корелација со ставовите и образовните потреби на наставниот кадар и на учениците, од една страна, и планирањето и организирањето на програмските активности кои се предвидени од Секторот за образование на локалната самоуправа, од друга страна.

Предметот на истражувањето е во функција на испитување на улогата на локалната самоуправа во воспитно-образовниот процес и вклучување на релевантните воспитно-образовни институции за развој на образованието во општина Куманово.

Тргнувајќи од вака поставениот истражувачки предмет, истражувањето опфаќа анализа и испитување на ставови и мислења од наставниците од основните и средните училишта иучениците од средните училишта, во функција на зајакнување на развојот на образованието во општина Куманово.

## 2. Цел и карактер на истражувањето

Повеќеслојно поставениот предмет на истражување, претпоставува истражувањето да поседува карактеристики на емпириско, дескриптивно, теоретско, квантитативно, квалитативно и современо.

Истражувањето има за цел да ги испита ставовите и мислењатаи образовните потреби на наставниците и на учениците во однос на утврдувањето на стратешката и програмската поставеност на образованието во локален контекст и нивната вклученост во креирањето и развојот на образовни политики на ниво на општина Куманово.

Поставената истражувачка цел се испитува преку:

- Анализа на релевантната документација;
- Собирање податоци за фактичката состојба на образованието во општина Куманово;
- Испитување на ставови на релевантните фактори за вклученоста на засегнатите страни во развојот на образованието.

Испитувањето на засегнатите страни овозможуваат сознанија за ставовите, мислењата и образовните потреби за унапредување на развојот на образованието во основните и средните училишта на општина Куманово.

## 3. Задачи на истражувањето

Во согласност со поставениот проблем и целта на истражувањето се поставени следните задачи:

- да се испитаат ставовите и потребите на наставниците за професионален развој и модели за мотивација во нивната работа;
- да се испитаат ставовите и мислењата на наставниците за начините за соработка со локалната самоуправа, како и обезбедување здрава работна средина;
- да се испитаат ставовите и мислењата на учениците од средните училишта за потребните ресурси што се потребни за успешно следење на наставата;
- да се испитаат ставовите и интересите на учениците од средните училишта за младински активности кои можат да се организираат на ниво на Општина;
- да се испитаат ставовите и потребите на учениците во однос на Општинскиот средношколски центар што ќе биде носител на сите активности од средните училишта на ниво на општина;
- да се испитаат интересите и потребите на учениците од средните училишта за подобрување на условите на младинските активности на ниво на општина;

- да се испитаат приоритетите на Секторот за образование на локална самоуправа, при креирањето на образовните политики во општина Куманово;
- да се испитаат моделите на соработка меѓу Секторот за образование на локалната самоуправа и релевантните воспитно-образовни институции и субјекти на територија на општина Куманово;
- да се испитаат начините преку кои Секторот за образование на локалната самоуправа ги вградува барањата и образовните потреби на релевантните воспитно-образовни институции и субјекти, во креирањето на образовните политики на територија на општина Куманово;
- да се испитаат моделите преку кои Секторот за образование на локалната самоуправа, ги промовира предлозите, барањата и интересите од страна на младите на територија на општина Куманово.

## 4. Хипотези на истражувањето

**Општа хипотеза**:

Во стратешката и програмската поставеност на Секторот за образование на локалната самоуправа се имплементираниобразовните потреби и барања на релевантните воспитно-образовни институции и субјекти кои придонесуваат за развој на образованието на територија на општина Куманово.

**Посебни хипотези**:

1. Наставниците од основните и средните училишта имаат потреба од дополнителни соодветни материјално-технички средства и услови за реализација на наставата, вклучително и во услови на пандемијатаковид-19;
2. Наставниците имаат потреба одследење на семинари и обуки на различни теми за зајакнување на нивниот професионален развој и подобрување на нивната мотивација за работа;

3. Учениците од средните училишта имаат потреби од дополнителни ресурси што им се потребни за успешно следење на наставата;
4. Учениците од средните училишта имаат потреби за нивно вклучување во младински активности организирани од страна на Општината;
5. Постојат развиени модели на соработка меѓу Секторот за образование на локалната самоуправа и релевантните воспитно-образовни институции и субјекти на територија на општина Куманово;
6. Во Секторот за образование на локалната самоуправа на општина Куманово постои потреба од промовирањена предлозите, барањата и интересите дадени од страна на младите;

## 5. Варијабли на истражувањето

**Варијабла** во истражувањето се ставовите и мислењата на наставниците и учениците од основните и средните училишта во општина Куманово.

## 6. Методи, техники и инструменти

Истражувачки техники кои беа во процесот на собирање на податоците се: техника на анализа на содржина и техника на анкетирање.

При реализирањето на ова истражување се користени два вида на анкетни прашалници. Техниката на анкетирање се користи за добивање сознание за ставовите и мислењата на испитаниците преку следниве прашалници:

- прашалник за наставниците од основните и средните училишта на територија на општина Куманово.
- прашалник за учениците од средните училишта во општина Куманово.

Анкетирањето е со анонимен карактер со цел да се добијат објективни одговори. Прашањата се од затворен и отворен тип.

# 7. Популација и примерок

При истражувањето е избран пригоден примерок кој го сочинуваат неколку категории на суппримероци. Истражувањето се спроведува на територија наопштина Куманово, при што се опфатени сите основни и средни училишта на територија на општина Куманово, наставници од основните и средните училиштата и ученици од средните училишта.

Со истражувањето се опфатени:

- 16 основни училишта на територија на општина Куманово;
- 5 средни училишта на територија на општина Куманово;
- 292 наставници од основни и средни училишта;
- 557 ученици од средни училишта.

Избраните примероци соодветствуваат на целите, задачите, хипотезите и карактерот на ова истражување.

**Напомена:** Наставата во основните и средните училишта се изведува на македонски, на албански и на српски наставен јазик. Од етички аспект, коректно е да се истакне дека истражувањето е спроведено во соработка со Локалната самоуправа на општина Куманово, при што со истражувањето беа опфатени основни и средни училишта во кои наставата се изведува на албански јазик, а исто така, анкетирани беа и наставници и ученици коишто наставата ја реализираат/следат на албански наставен јазик. Во овој магистерски труд, анализата и интерпретацијата на податоците се однесува на суппримероците на наставници и ученици кои ја реализираат/следат на македонски наставен јазик. Анкетниот прашалник за наставници го одговориле 292 наставници кои реализираат настава на македонски наставен јазик и 141 наставник кои реализираат настава на албански наставен јазик или вкупно 826 од основните училишта и 414 наставници од средните училишта. Анкетниот прашалник за ученици го одговориле 557 ученици кои следат настава на македонски наставен јазик и 521 ученик кој посетува настава на албански наставен јазик или на анкетниот прашалник одговориле вкупно 1078 ученици. (одличен примерок)

### 7.1. Примерок на основни училишта

Табела бр. 4 Примерок на основни училишта на територија на општина Куманово

| Реден број | Назив на основно училиште |
|---|---|
| 1. | ООУ„Бајрам Шабани“ |
| 2. | ООУ„Браќа Миладиновци“ |
| 3. | ООУ „Кочо Рацин“ |
| 4. | ООУ„Крсте Мисирков“ |
| 5. | ООУ„Наим Фрашери“ |
| 6. | ООУ „Христијан Карпош“ |
| 7. | ООУ„Јероним Де Рада“ с.Черкези |
| 8. | ООУ„11 Октомври“ |
| 9. | ООУ „Кирил и Методиј “ с.Романовце |
| 10. | ООУ„Магдалена Антова“ |
| 11. | ООУ„Толи Зордумис“ |
| 12. | ООУ„Браќа Рибар“ с.Табановце |
| 13. | ООУ„Битолски Конгрес“ с.Лопате |
| 14. | ООУ„Вера Которка“ с.Клечовце |
| 15. | ООУ„Вук Караџиќ“ |
| 16. | ООУ „Карпош“ с.Умин Дол |

## 7.2. Примерок на наставници од основни училишта

Табела бр. 5 Примерок на  наставници на територија на општина Куманово

| Реден број | Назив на основно училиште | Број на наставници |
|---|---|---|
| 1. | ООУ„Бајрам Шабани“ | 80 |
| 2. | ООУ„Браќа Миладиновци“ | 81 |
| 3. | ООУ „Кочо Рацин“ | 81 |
| 4. | ООУ„Крсте Мисирков“ | 62 |
| 5. | ООУ„Наим Фрашери“ | 79 |
| 6. | ООУ „Христијан Карпош“ | 74 |
| 7. | ООУ„Јероним Де Рада“ с.Черкези | 42 |
| 8. | ООУ„11 Октомври“ | 52 |
| 9. | ООУ „Кирил и Методиј “ с.Романовце | 47 |
| 10. | ООУ„Магдалена Антова“ | 41 |
| 11. | ООУ„Толи Зордумис“ | 57 |
| 12. | ООУ„Браќа Рибар“ с.Табановце | 41 |
| 13. | ООУ„Битолски Конгрес“ с.Лопате | 37 |
| 14. | ООУ„Вера Которка“ с.Клечовце | 9 |
| 15. | ООУ„Вук Караџиќ“ | 28 |
| 16. | ООУ „Карпош“ с.Умин Дол | 15 |
| | Вкупно: | 826 |

## 7.3. Примерок на средни училишта

Табела бр. 6 Примерок на средни училишта на територија на општина Куманово

| Реден број | Назив на средно училиште |
|---|---|
| 1. | СОУ Гимназија „Гоце Делчев“ |
| 2. | СОУ Гимназија „Сами Фрашери“ |
| 3. | СОУ „Перо Наков“ |
| 4. | ОСТУ „Наце Буѓони“ |

## 7.4. Примерок на ученици од средни училишта

Табела бр. 7 Примерок на ученици од средни училишта на територија на општина Куманово

| Реден број | Назив на средно училиште | Број на ученици |
|---|---|---|
| 1. | СОУ Гимназија „Гоце Делчев“ | 836 |
| 2. | СОУ Гимназија „Сами Фрашери“ | 669 |
| 3. | СОУ „Перо Наков“ | 805 |
| 4. | ОСТУ „Наце Буѓони“ | 1817 |
| | Вкупно: | 4127 |

### 7.5. Примерок на наставници од средни училишта

Табела бр. 8 Примерок на наставници од средните училишта на територија на општина Куманово

| Реден број | Назив на средно училиште | Број на наставници |
|---|---|---|
| 1. | СОУ Гимназија „Гоце Делчев“ | 67 |
| 2. | СОУ Гимназија „Сами Фрашери“ | 55 |
| 3. | СОУ „Перо Наков“ | 161 |
| 4. | ОСТУ „Наце Буѓони“ | 131 |
| | Вкупно: | 414 |

## 8. Обработка на податоци

Во дизајнирање на базата на податоци добиени преку анкетирањето се користи програматаMicrosoft Excel, а за обработка на квантитативни податоци се користи статистичкиот пакет SPSS.

Во истражувањето се користат следните статистички постапки: методи на дескриптивна статистика, пресметување на фреквенции на резултатите и пресметување на процент.

За поголема прегледност добиените фреквентни вредности во дистрибуциите се претставени табеларно или графички. На квалитативен начин се обработени податоците добиени од анализата на релевантната документација.

## 9. Организација и тек на истражувањето

Истражувањето се спроведуваше во неколку фази и тоа:

**I фаза:**

- изработка на студиски проект. Релевантни проблеми во теоретската рамка на истражувањето се елаборирани за проучување на истражувачкиот проблем;
- техничка подготовка на инструментите за спроведување на истражувањето;
- прибирање на релевантна документација;
- барање согласност од Локалната самоуправа за спроведување на истражувањето.

**II фаза – теренско истражување**

- спроведување на анкетирањето;
- прибирање и класифицирање на инструментите;
- анализа на релевантна документација.

**III фаза – обработка на податоците**

- подготовка на електронска матрица за внесување на податоци;
- внесување на добиените податоци;
- обработка на податоците и документирање со квалитативни и квантитативни анализи;
- графичко и табеларно претставување на добиените резултати;
- анализа и интерпретација на добиените резултати;
- извлекување заклучоци и препораки.

# III ДЕЛ

## Анализа и интерпретација на резултатите добиени од истражувањето

# 1. Анализа и интерпретација на резултатите добиени од анкетирањето на наставниците од основните и средните училишта

Во третиот дел од магистерскиот труд се анализираат и интерпретираат добиените податоци од спроведеното истражување преку техниката на анкетирање, наменети за наставници и професори од основните и средните училишта. Исто така, преку анкетирањето со примена на друг анкетен прашалник се добиени податоци за ставовите и мислењата на учениците од средните училишта.

Во продолжение на текстот, во две одделни поглавја се прикажани добиените резултати од спроведеното истражување, преку графичко и табеларно претставување на податоците, по што следува примена на соодветна анализа на квантитативните и квалитативните податоци, како и нивна интерпретација. Добиените податоци за секое прашање од спроведените анкетни прашалници се прикажани табеларно и графички, по што следува анализа и образложение на истите.

За потребите на истражувањето беше спроведено анкетирање на наставници од одделенска и од предметна настава и професори од средните училишта на територија на општина Куманово, односно со вкупно 292 наставници.

Графикон бр. 1 Структура на примерок на анкетирани наставници според работното искуство




Врз основа на податоците кои се однесуваат на работното искуство на наставниците во образование, најголем број од анкетираните наставници (41,67 %) имаат повеќе од над 20 години работно искуство, по што следува категоријата на наставници кои имаат работно искуство од 5 до 10 години (26,98%), скоро со приближно иста процентуална застапеност следуваат наставниците со10 до 15 години работно искуство во образование кое изнесува (24,21 %), а со најмал работен стаж се вбројуваат наставниците со најмало работно искуство во образование од 1 до 5 години (2,78 %) и од 15 до 20 години (2, 78 %).

Од анализата на добиените податоци може да се заклучи дека една третина од анкетирани наставници се со поголемо работно искуство што индиректно упатува на констатацијата дека се очекува преку анализата на нивните одговори да се добијат сознанија, коишто базирани на нивното практично искуство, ќе дадат своевиден професионален придонес во корист на истражувачкиот предмет.

Графикон бр. 2 Потреби од професионално усовршување на наставници




На прашањето што се однесува на професионалното усовршување на наставниците беа понудени неколку алтернативи, односно за каков вид на обуки наставниците се изјасниле дека имаат потреба. Наставниците со највисок приоритет се изјасниле дека најмногу имаат потреба од обуки кои се фокусирани на оценувањето на учениците во услови на онлајн наставата (60,30 %). Овој нивен став, во голема мера, наоѓа логично оправдување од причина што наставниците и учениците во услови на неодамнешната пандемија на ковид-19, беа ставени да се справуваат со нов предизвик,којшто иницираше да имаат во голем процент организирање на онлајн настава, што и не била дел од нивната секојдневна наставна практика, а следствено на ваквиот вид на настава од нив се бараше да користат и поинакви методи во процесот на следење, вреднување и оценување на постигнатите знаења и развиените вештини.Интересен е податокот кој оди во прилог на констатацијата дека наставниците во рамките на нивниот професионален развој имаат потреба за организирање на обуки за работа со деца со посебни потреби (38,40 %). Може да се претпостави дека оваа потреба изразена преку ставовите од повеќе од две третини наставници произлегуваод измените од измените на Законот за основно и средно образование, кои упатуваат на целосна инклузивност во наставата со учениците со посебни образовни потреби. Со приближно ист процент следуваат ставовите на наставниците, според кои се

укажува дека имаат потреба од обука за методи за реализирање на on-line настава (37,00 %).

Графикон бр. 3 Материјално-технички потреби на наставници




Според зададеното прашање кое гласи „Означете ги потребните ресурси за успешно реализирање на наставата по Вашиот предмет:", позитивно изненадува податокот дека најголем дел од наставниците (60,30 %) се согласуваат со понудениот одговор според кој најизразена потреба имаат од осовременување на наставните средства од типот на (ЛЦД, ТВ, паметни уреди итн.), ваквиот став на наставниците не наведува на размисла дека наставниците имаат високо развиена свесност за поинтензивно применување на ИКТ во наставата. Оваа претпоставка оди во прилог на второрангираниот став, според кој 48 % од наставниците се изјасниле дека имаат потреба за користење на ИКТ опрема во наставата. Исто така, наставниците високо ја рангираат потреба од користење на материјални и други средства за реализирање на наставата (41, 80 %), а додека 34, 20 % од наставниците се изјасниле дека имаат потреба од поголем број на примероци од лектирни изданија, стручна и слободна литература и сл.

Графикон бр. 4 Модели на мотивација на наставниците




Мотивацијата како значаен психолошки и менаџерски фактор е третирана преку наредното зададено прашање во анкетниот прашалник, според кое од наставниците се бара да се изјаснат за најсоодветните форми на мотивација во работата. Од податоците прикажани на графикон број 4, евидентно се забележува дека најголемиот процент на наставници (63 %) сметаат дека промоцијата и поддршката на иновации во различни наставни предмети, претставува позитивен и посакуван мотивационен модел. Организирањето на натпревари во различни видови категории, според 43 % од испитаните наставници го истакнуваат како фактор за мотивација. Една третина од испитаниците сметаат дека распишувањето на конкурси од различен вид ја стимулира работата на наставникот, а додека пак 19 % од наставниците сметаат дека изборот на најуспешен наставник во Општината, претставува своевидна мотивација на работата на наставникот.

Графикон бр. 5 Ставови на наставниците во однос на прашањето за приоритетните потреби за создавање здрава работна средина




На наредното прашање кое гласи „Означете што е потребно според Вас за креирање на здрава работна средина во Вашето училиште“, 64 % од наставниците ја истакнуваат потребата од уредување на внатрешниот простор на училиштето, половина од испитаниците (52,40 %) сметаат дека за здрава работа средина е потребно во училиштата да има отворени зелени училници во училиштен двор како и средства за хигиена (49,30 %). Со помала процентуална застапеност за здрава работна средина, 42 % од наставниците истакнуваат дека се потребни и прочистувачи на воздух, додека пак 33,60 % од нив, сметаат дека уредувањето на училишниот двор влијае на работната средина во училиштата.

Графикон бр. 6 Потреби од поддршка во соработка со институции и др.




Според резултатите добиени од спроведеното анкетирање може да се констатира дека наставниците имаат подвоени размислувања во однос од потребите од организирана поддршка во воспоставување на соработка со различни релевантни институции. Така, половина од испитаниците ја нагласуваат

потребата од соработка со државни институции  на ниво на локална самоуправа. Понатаму, со иста процентуална застапеност (41,40 %), наставниците се изјаснуваат дека имаат потреба од организирана поддршка од органи и тела на ниво на локална самоуправа и од здравствени, социјални и други институции, како и бизнис-секторот (39,70 %). Евидентен е податокот според кој 31,80 % од наставниците ја нагласуваат потребата од поддршка од невладини организации и граѓански здруженија.

Наредното прашање, кое гласи **„Согласно Вашето досегашно искуство, во кој домен од работата Ви е потребна поддршка од општината во рамки на нејзините надлежности?“** е од отворен тип.

Анализираните одговори упатуваат на заклучокот дека најголем број од анкетираните наставници истакнуваат дека како најголема поддршка од страна на општината е да помогне во реновирање на училиштата и училишните дворови (нови фасади, нови огради, бетонирање на скали, реновирање на тоалети, ходници и училници итн...), подобрување на условите за работа на наставниците и на учениците со соодветно обезбедување на потребни нагледни средства со помош на кои ќе може да се реализира воспитно-образовната работа во училиштата.

Дел од наставниците сметаат дека општината треба да се фокусира повеќе кон осовременување на ИКТ во наставата како и снабдување на училиштата со соодветна компјутерска и техничка опрема, како и реновирање на кабинетите по информатика со повеќе компјутери, таблети итн. Тие истакнуваат дека технологијата е веќе многу навлезена во воспитно-образовниот процес и дека ИКТ во наставата е еден од клучните сегменти.

Се истакнува дека наставниците ја имаат главната улога во воспитно-образовниот процес на ученикот и затоа е потребно постојано стручно усовршување во теоретските сознанија и практичната работа. Дел од наставниците истакнуваат дека имаат потреба од стручно усовршување во поглед на практичната работа и за таа цел сметаат дека треба постојано да се организираат семинари, советувања и обуки на наставниот кадар за осовременување на истата.

Како дополнителни сегменти, наставниците истакнуваат дека имаат потреба како поддршка од општината за:

- поддршка при реализирање на практичната настава;
- можност за враќање на советници по сите предмети;
- соработка со фондот за здравство;
- обезбедување на соодветна стручна литература по сите наставни предмети;
- помош во организација на проектни активност на национално и меѓународно ниво;
- финансиска поддршка од страна на општината за ученици кои учествуваат на меѓународни натпревари;
- поддршка при упис на ученици во прва година;
- поголема соработка со училиштата во спроведување на идеи кои потекнуваат од самите училишта;
- комплетна економска поддршка за сите службени случувања
- правилно водење на уписна политика спрема потреби на пазар на труд и друго.

Следствено на претходното прашање,преку прашањето „**Кои се Вашите идеи или препораки за подобрување на воспитно-образованиот процес и условите за работа во образованието?**“, наставниците во најголем дел укажуваат дека за подобрување на воспитно-образовниот процес и условите за работа, како на наставниците така и на учениците, првенствено укажува дека е најпотребно да се обезбеди современа и уредна работа атмосфера, односно општината треба да помогне училиштата да бидат снабдени и опремени со соодветна и современа опрема, односно во училиштата да се обезбеди користење на современи нагледни и технички средства.

Исто така, наставниците истакнуваат дека е потребно да се стави фокус на потребите на учениците и нивно активно вклучување во воспитно-образовниот процес т.е. вид на практична настава преку промоција на трудовите на учениците како и обезбедување на услови каде што ќе можат да учествуваат поголем број на

ученици, организација на дебати, поврзување и организирање на средношколски заедници, учество во проекти со работодавачи, вработување на најдобар практикант во одредена фирма итн.

Како дополнителни идеи и препораки, наставниците ги истакнуваат:

- соработка на повисоко ниво на соработка меѓу институциите и наставниците;
- соработка и поддршка од Бизнис секторот преку јавни конкурси предводени од Општината;
- активности за промовирање на стручното училиште,сè со цел обезбедување квалитетен кадар кој ќе ги задоволува потребите на општината и одговорен кон својата општина, а пред сè влевање љубов, доверба и одговорност кон заедницата;
- поголема комуникација и разбирање помеѓу училиштата;
- обезбедување на бесплатни кино и театарски претстави за деца, посети на музеи итн.;
- организирање на летни меѓународни игри и натпревари за сите ученици, со цел да се искористат капацитетите и потенцијалите на објектот и да се промовира општината, а со тоа и унапредување навоспитно-образовниот процес;
- усогласување на воспитно-образовниот процес со потребите на бизнис секторот - формирање на центар кој ќе ги поврзува средните училишта со бизнис секторот и ќе ги дефинира идните образовни и уписни политики на ниво општината;
- реонизација при запишување на ученици во основните училишта;
- обуки за наставници за успешно реализирање на секој аспект од наставата;
- мотивирање на родителите за нивна поголема вклученост во воспитно-образовниот процес;
- стимулирање на приватниот сектор за соработка со училиштата за спроведување на практична обука на учениците и друго.

## 2. Анализа и интерпретација на резултатите добиени од анкетирањето на учениците од основните и средните училишта

**Прашање број 1:** Во кое училиште учите?

Графикон бр. 7 Примерок на училишта на територија на општина Куманово




Врз основа на податоците кои се однесуваат за училиштето во коешто учат анкетираните ученици, најголем број од анкетираните ученици (32,1 %) се одООУ „Перо Наков“, по што следуваат анкетирани ученици од ОСТУ „Наце Буѓони“(29, 9%) и 24,7 % од ООУ Гимназија „Гоце Делчев“ и најмал процент на анкетирани ученици 13,3 % се од ССОУ „Киро Бурназ“.

**Прашање број 2:** На која возраст сте?

Графикон бр. 8 Структура на примерокот анкетирани ученици според нивната возраст




За потребите на истражувањето, испитувани се ставовите и мислењата на примерок на ученици од основните и средните училишта. Преку анкетниот прашалник, анкетирани се ученици на возраст од 13-19 години. Со најголема процентуална застапеност се застапени учениците од 15 до 19 години (47,8 %) и 17-19 години (47,7 %), а со најмал процент во пополнување на анкетниот прашалник учествувале ученици од 13 до 15 години (0,5 %).

Од добиените податоци може да се заклучи дека станува збор за анкетирани ученици од напредните години, што индиректно упатува на констатацијата дека се очекува преку анализата на нивните одговори да се добијат сознанија, коишто базирани на нивното знаење и возраст, ќе дадат своевиден придонес во корист на истражувачкиот предмет.

**Прашање бр. 3:** Означете ги ресурси кои Ви се потребни за успешно следење на наставата?

Графикон бр. 9 Ставови на учениците за потребните ресурси за успешно следење на наставата




За успешно следење на наставата учениците се изјасниле дека најмногу имаат потреба од материјални и други средства за реализирање на практична настава и ИКТ-опрема.

Според прашањето бр. 3, кое се однесува на ресурсите што им се потребни на учениците за успешно да ја следат наставата, повеќе од половина од учениците (52,9 %), се изјасниле дека како основни ресурси што им се потребни за успешно да можат да ја следат и реализираат наставата им е потребна соодветна и современа **ИКТ- опрема**. Имајќи ја предвид и улогата на практичната настава како и бенефитот што го имаат учениците при следење на истата, 44,8 % истакнуваат дека за успешно следење на наставата потребни им се **материјални и други средства за реализирање на практична настава**. Со помала процентуална застапеност следуваат **лектирните изданија, стручната и**

**слободната литература и сл.**со 25,6 % и **материјални, технички и други помагала за деца со посебни потреби** со 11,8 %.4.

**Прашање број 4:** Чекирајте ги младинските активности кои сметате дека можат да се организираат на ниво на Општината:

Графикон бр. 10 Ставови на учениците за можноста да се организираат младински активности на ниво на општина




Според податоците добиени од анкетирањето на учениците, според прашањето број 4, каде што од учениците се бара да ги чекираат младинските активности коишто сметаат дека можат да се организираат и реализираат на ниво на Општината, најголем дел од учениците се изјасниле за **младински акции, јавни настани и улични перформанси (47,10 %)** и **дебати (45,50 %)**. Со помала процентуална застапеност следуваат **општински натпревари и јавни конкурси од различен вид (33,90 %), промовирање на достигањата на учениците (33,50 %)** и **активностите од областа на филмската уметност (33,20 %)**.

Интересен е податокот дека дури дваесет и четири проценти од учениците се изјасниле за потребата од **волонтеризмот** како младинска активност којашто може да биде организирана на ниво на општина. Нешто помалку, 17,40 % од учениците предлагаат и младински активности од типот на **организирана**

**соработка со бизнис-сектор, здравствени, социјални и други институции, невладини организации и граѓански здруженија, државни институции на ниво на локална самоуправа и др.**

Со најмала процентуална застапеност од само 0,20 % се **ликовната уметност**, **спортските натпревари** и **хуманитарните акции**.

**Прашање број 5: Дали сметате дека условите за младинските активности на локално ниво ќе се подобрат доколку истите се организираат и спроведуваат преку Општински средношколски центар кој ќе ги обедини учениците од сите средни училишта во Општината?**

Графикон бр. 11 Примерок на ставови на ученици за подобрување на условите на младинските активности доколку истите се под организација на Општински средношколски центар




За реализирање на овие ученички активности, според 88,05 % од анкетираните ученици, Општината треба да формира и да поддржува Средношколски општински центар.

Во иста конотација е и **прашањето број 6**, кое гласи **„Кои се Вашите идеи и препораки за подобрување на условите за младински активности на ниво на Општината?“**

Преку Средношколскиот општински центар, учениците со поддршка на Општината би можеле да организираат: јавни општински конкурси и натпревари; работилници/предавања од област на театар, филм, музика, ликовна уметност; дебати; трибини и средби со автори, фудбалери, доктори, професори и други стручни лица од различни области; истражувања од различни области; презентација/изложба на секој добро сработен труд или проект; креирање на едукативни страници и портали за млади; културно-забавни активности; спортски активности и натпревари; улични перформанси за млади талентирани уметници; литературни клубови; кантина и др.

# IV ДЕЛ

# Заклучни сознанија и препораки

Според податоците добиени од теоретскиот дел на истражувањето се елаборира улогата на локалната самоуправа во развојот на образованието, анализирана преку поддршката којашто Општината им ја овозможува на основните и средните училишта при реализирање на воспитно-образовниот процес, следено преку проектни активности, едукација и поддршка на ученичкиот активизам, поддршка во локално поврзување на училиштата за развој на локалната заедница, како и промоција и поддршка на успешни училишни практики и поединци од образованието.

Преку спроведеното емпириско истражување, со кое беа опфатени примероци на наставници и ученици од основни и средни училишта на територија на општина Куманово, се добиваат податоци преку чија систематизација и генерализација може да придонесат во подобрувањето на моделите на поддршка и соработка на локалната самоуправа на општина Куманово, поточно Секторот за образование со основните и средните училишта, а секако преку добиените податоци во форма на позитивни практики што можат да се применуваат и во другите општини на територијата на Р Македонија.

Заклучните сознанија одат во прилог на констатацијата дека потребите на наставниците во однос на нивниот професионален развој се однесуваат на организирање на обуки за работа со деца со посебни потреби. Може да се претпостави дека оваа потреба изразена преку ставовите, од повеќе од две третини наставници, произлегува од измените од измените на Законот за основно и средно образование, кои упатуваат на целосна инклузивност во наставата со учениците со посебни образовни потреби. Нивното постојано стручно усовршување ќе се реализира преку организирање на семинари, советувања и обуки за наставниците, при што ќе се подобри нивната практична работа. Мотивацијата секако дека е значаен психолошки и менаџерски фактор. И во однос на овој сегмент од истражувањето, наставниците сметаат дека промоцијата и поддршката на иновации во различни наставни предмети, претставува позитивен и посакуван мотивационен модел. Исто така, како посебно важно истакнуваат и организирањето на натпревари во различни видови категории, по што следува и распишувањето на конкурси од различен вид, како форма за стимулирање на

работата на наставникот.Заклучоците од анализираните податоци одат во прилог на **потврдување на втората посебна хипотеза**, според која наставниците имаат потреба од следење на семинари и обуки на различни теми за зајакнување на нивниот професионален развој и подобрување на нивната мотивација за работа.

Според добиените резултатиод спроведеното анкетирање на наставниците, може да се констатира дека нивните размислувања се подвоени во однос на потребите од организирана поддршка во воспоставување на соработка со различни релевантни институции. Тие истакнуваат дека помошта ја добиваат од државните институции (нивните органи и тела на ниво на локална самоуправа), како и од бизнис-секторот. Но, имаат голема потреба во нивната работа да бидат вклучени како поддржувачи и невладините организации и граѓанските здруженија. Оваа континуирана соработка би овозможила поголема мотивираност кај наставниците во нивната работа, што ќе се одрази во нивната работа и тие ќе бидат поуспешни во извршувањето на работата, со што на некој начин и се **потврдува петтата посебна хипотеза** (постојат развиени модели на соработка меѓу Секторот за образование на локалната самоуправа и релевантните воспитно-образовни институции и субјекти на територија на општина Куманово).

При анализирањето на одговорите на анкетираните наставници се заклучува дека имаат нагласена потреба од реновирање на училиштата и училишните дворови, со што ќе се подобрат нивните услови за работа, како и потреба од обезбедување на потребни нагледни средства, со што на учениците ќе им се овозможи поквалитетен воспитно-образовен процес. Притоа имаат потреба од осовременување на ИКТ во наставата, како и снабдување на училиштата со соодветна компјутерска и техничка опрема, затоа што информатичката технологија е клучен сегмент во наставата.Во контекст на подобрувањето на воспитно-образовниот процес и условите за работа на наставниците, им е најнеопходно да се обезбеди современа и уредна работна атмосфера, односно општината треба да помогне училиштата да бидат опремени со соодветна и современа опрема, односно во училиштата да се обезбеди користење на современи нагледни, дидактички и технички средства. Според направената анализа се

заклучува дека наставниците од основните и средните училишта имаат потреба од дополнителни соодветни материјално-технички средства и услови за реализација на наставата, вклучително и во услови на пандемија ковид-19, со што **се потврдува првата посебна хипотеза**.

Како посебно заклучно сознание од страна на наставниците се издвојува потребата од организирање на практична настава преку која ќе се врши промоција на трудовите на учениците, како и обезбедување на услови каде што ќе можат да учествуваат поголем број ученици, организација на дебати, поврзување и организирање на средношколски заедници, учество во проекти со работодавачи, вработување на најдобар практикант во одредена фирма итн.

Како дополнителни препораки, а во контекст на потребите на наставниците, може да се издвојат следните:

- меѓусебна соработка меѓу институциите и наставниците на повисоко ниво;
- вклучување и поддршка од страна на Бизнис секторот преку јавни конкурси предводени од Општината;
- усогласување на воспитно-образовниот процес со потребите на бизнис-секторот, преку формирање на центар кој ќе ги поврзува средните училишта со бизнис- секторот и ќе ги дефинира идните образовни и уписни политики на ниво општината;
- активности за промовирање на стручното училиште,сè со цел обезбедување квалитетен кадар кој ќе ги задоволува потребите на општината и одговорен кон својата општина, а пред сèзајакнување на довербата и одговорноста кон заедницата;
- воспоставување подобра комуникација и разбирање меѓу училиштата;
- обезбедување на бесплатни посети на културни институции и настани, организирани за деца и млади;
- промовирање на објектите со кои располага општината, преку организирање на летни меѓународни игри и натпревари за сите ученици, со цел да се искористат нивните капацитети за унапредување навоспитно-образовниот процес;

- воспоставување на модел за реонизација при запишување на ученици во основните училишта;
- континуирано организирање на обуки за наставници за успешно реализирање на секој аспект од наставата;
- мотивирање на родителите за нивна поголема вклученост во воспитно-образовниот процес;
- стимулирање на приватниот сектор за соработка со училиштата за спроведување на практична обука на учениците и друго.

**Се потврдува и третата посебна хипотеза**, според која учениците од средните училишта имаат потреби од дополнителни ресурси, кои им се потребни за успешно следење на наставата. Во истражувањето при испитувањето на ставовите на учениците во средните училишта на ниво на општина Куманово се констатира дека тие имаат потреба од современа и соодветна ИКТ-опрема за да се овозможи квалитетна реализација и нивна поголема вклученост во наставниот процес.

Имајќи ја во предвид и улогата на практичната настава, како и бенефитот што го имаат учениците при следење на истата, истакнуваат дека за успешно следење на наставата потребни им се материјални и други средства за реализирање на практична настава. Исто така, треба да се укаже и на нивната потреба од поголема застапеност на различен вид на литература, којашто ќе биде достапна за секој ученик. Од анализираните податоци добиени од учениците се констатира дека учениците со посебни образовни потреби имаат неопходна потреба од посебна и адаптирана литература и техника, којашто ќе им го олесни следењето и достапноста на наставата.

Интересен е податокот кој оди во прилог на детектираната потреба од страна на учениците за пројавениот интерес за учество во младински акции, јавни настани, улични перформанси и дебати. А, мотивираните и посебно талентираните ученици ќе се промовираат преку организирани општински натпревари и јавни конкурси од различен вид.

Исто така треба да се има во предвид и изразената иницијатива кај младите во општина Куманово за волонтеризмот, како младинска активност којашто може да биде организирана на ниво на општина. Исто така тие предложуваат и младински активности, од типот на организирани соработки со бизнис-секторот, со државните институции на локално и национално ниво, како пример здравствени, социјални и други институции, граѓански здруженија.

За реализирање на овие ученички активности, според анкетираните ученици Општината треба да формира и да поддржува Средношколски општински центар.

Преку Средношколскиот општински центар, учениците со поддршка на Општината би можеле да организираат: јавни општински конкурси и натпревари, работилници/предавања од област на театар, филм, музика, ликовна уметност; дебати; трибини и средби со автори, фудбалери, доктори, професори и други стручни лица од различни области; истражувања од различни области; презентација/изложба на секој добро сработен труд или проект; креирање на едукативни страници и портали за млади; културно-забавни активности; спортски активности и натпревари; улични перформанси за млади талентирани уметници; литературни клубови; кантина и др. Според анализираните податоци од спроведениот анкетен прашалник до учениците од средните училишта **се потврдува и четвртата посебна хипотеза**, според која учениците од средните училишта имаат потреби за нивно вклучување во младински активности организирани од страна на Општината.

Според направеното истражување, поддршката која општина Куманово треба да им ја обезбеди на општинските основни и средни училишта треба да базира на следниве заклучоци од истражувањето:

• наставниците од основните и средните училишта имаат потреба од дополнителни соодветни материјално-технички средства и услови за реализација на наставата, вклучително и во услови на пандемија ;

• наставниците имаат потреба од следење на семинари и обуки на различни теми за зајакнување на нивниот професионален развој и подобрување на нивната мотивација за работа;

• учениците од средните училишта имаат потреби од дополнителни ресурсишто им се потребни за успешно следење на наставата;

• учениците од средните училишта имаат потреби за нивно вклучување во младински активности организирани од страна на Општината;

• од страна на Секторот за образование на локалната самоуправа на општина Куманово, постои потреба од промовирање на предлозите, барањата и интересите дадени од страна на младите;

Формите на поддршка на образованието и моделите на соработка меѓу Секторот за образование на локалната самоуправа и релевантните воспитно-образовни институции треба да бидат составен дел од Стратегијата за образование, конципирана од страна на Општината.

Во крајна истанца, како значаен излез од ова истражување се наметнува констатацијата за потреба од посеопфатни истражувања во екстензитет за испитување на соработката меѓу училиштата и локалните самоуправи на територија на цела држава. На тој начин ќе се добијат современи, релевантни и актуелни сознанија кои ќе одат во прилог на подобрување и зајакнување на квалитетот на наставата, излегување во пресрет на актуелните образовни и друг вид на потреби на наставниот кадар. И како последен, но и најважна алка во воспитно-образовен, па и во општествен контекст резултатите од ваквиот вид на истражувања ќе бидат во интерес на учениците, во враќањето на нивната доверба во системот, во промовирањето и правилното користење и истакнување на нивниот потенцијал и вредносен систем. Нивната активна интегрираност, започнувајќи од најмала возраст, ќе придонесе за „лојалност“, во секоја смисла на зборот, кон средината од која потекнуваат младите и истите да го продолжат патот како активни граѓани во развојот на нивните локални средини.

# V ДЕЛ

## ПРИЛОЗИ

# Прилог бр. 1

## Прашалник за наставници

Почитувани,

Ве информираме дека анкетирањето е составен дел од емпириско истражување на тема „Улогата на локалната самоуправа во општина Куманово во развојот на образованието" за изработка на магистерски труд во рамките на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Истражувањето има за цел да се здобие со информации за состојбата на образованието во основните и во средните училишта во општина Куманово, начините и моделите на соработка со Секторот за образование при локалната самоуправа во општина Куманово, се со цел подобрување на квалитетот во воспитно-образовниот процес.

Здравствената криза поврзана со КОВИД-19, неизбежно, го измени начинот на кој се реализираат воспитно-образовниот процес и училишните активности.

За да може Општината да изгради адекватен модел на поддршка на наставниците при реализирање на воспитно-образовниот процес во новонастанатата ситуација, потребно е да ги редефинира нејзините образовни политики.

Од вашите искуства, потреби и предизвици со кои сте се соочиле, ќе бидат извлечени валидни заклучоци кои ќе бидат истовремено доставени и до Секторот за образование во општина Куманово, со цел подобрување на идните образовни политики и насоки поврзани и со организирање и реализација на наставата на далечина.

Анкетирањето може да се спроведе непосредно, преку користење на on line платформи или доставување на прашањата по електронска пошта (во согласност со мерките во услови на пандемија на Covid 19).

Добиените податоци ќе бидат користени исклучително за потребите на магистерскиот труд. Истражувањето ќе биде од анонимен карактер. Ве замолуваме за соработка и искрени одговори.

Однапред Ви благодарам!

## I. Општи податоци

1. Училиште во коешто работите:

   а) основно училиште/назив ___________________________

   б)подрачно училиште/назив ___________________________

   в) средно училиште/назив ___________________________

   *(заокружи)*

2. Настава на јазик на којашто ја реализирате наставата:

   а) Македонски јазик

   б) Албански јазик

   в) Српски јазик

   г) Друго

   *(заокружи)*

3. Работно искуство во образование:

   а) од 0 до 10 години

   б) од 11 до 20 години

   в) над 20 години

   *(заокружи)*

## II. Професионално усовршување на наставници

4. Означете ги темитеза обуки од кои имате потреба за реализација на наставата:

а) обука за наставни методи за реализирање на on line настава;

б) обука за методи и инстументи за оценување на постигнатите знаења и развиените вештини на ученици во услови на on line настава;

в) обука за работа со ученици со посебни образовни потреби;

г) обука за вештини за користење на ИКТ во наставата;

д) друго_____________________________________________________ .

*(можност за заокружување на повеќе одговори)*

## III. Материјално - технички услови за реализирање на наставата

5. Означете ги потребните ресурси за успешно реализирање на наставата по Вашиот предмет:

а) наставни средства (прожектор, ТВ, паметни табли, карти и сл.);

б) лектирни изданија, стручна литература, слободна литература и др.;

в) материјални и други средства за реализирање на практична настава;

г) ИКТ опрема;

д) материјални, технички и други помагала за работа со ученици со посебни образовни потреби;

ѓ) друго ________________________________________________ .

*(можност за заокружување на повеќе одговори)*

## IV. Мотивација

6. Чекирајте ги формите на мотивација за наставници кои според Вас се најадекватни:

а) организирање на натпревари во различни видови категории;

б) распишување на јавни конкурси од различен вид;

в) промоција и поддршка на иновации за различни наставни предмети;

г) избор на најуспешен наставник во Општината;

д) друго ________________________________________________ .

*(можност за заокружување на повеќе одговори)*

## V. Здрава работна средина

7. Означете што според Вас е потребно за креирење на здрава работна средина во Вашето училиште:

а) средства за хигиена;

б) прочистувачи на воздух;

в) уредување на училишен двор;

г) отворени зелени училници во училишен двор;

д) уредување на внатрешниот простор на училиштето;

ѓ) друго ________________________________________________ .

*(можност за заокружување на повеќе одговори)*

## VI. Соработка

8. Наставниците имаат потреба од организирана поддршка во воспоставување на соработка со:

а) бизнис сектор;

б) здравствени, социјални и други институции;

в) невладини организации и граѓански здруженија;

г) државни институции на ниво на локална самоуправа;

д) органи и тела на ниво на локална самоуправа;

ѓ) друго ___________________________________________________ .

*(можност за заокружување на повеќе одговори)*

**Крај**

Уште еднаш Ви се заблагодаруваме што одвоивте време за да го пополните овој прашалник.

Вашите размислувања се многу важни за подобрување на воспитно-образовниот процес.

# Прилог бр. 2

## Прашалник за ученици

Почитувани,

Ве информираме дека анкетирањето е составен дел од емпириско истражување на тема „Улогата на локалната самоуправа во општина Куманово во развојот на образованието" за изработка на магистерски труд во рамките на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Истражувањето има за цел да се здобие со информации за состојбата на образованието во основните и во средните училишта во општина Куманово, вонннаставните активности и секојдневниот живот на учениците.

Здравствената криза поврзана со КОВИД-19, неизбежно, го измени начинот на кој се реализираат воспитно-образовниот процес и училишните активности.

За да може Општината во новонастанатите услови, да го поддржи вклучувањето на средношколците во општествените текови, да овозможи подобрување на условите за реализирање на младинските иницијативи и да креира простор за младинско творење, потребно е да се дефинира фокусот на интересите на младите.

Од вашите искуства, потреби и предизвици со кои сте се соочиле, ќе бидат извлечени валидни заклучоци кои ќе бидат истовремено доставени и до Секторот за образование во општина Куманово, со цел подобрување на идните образовни политики и насоки поврзани и со организирање и реализација на наставата на далечина.

Анкетирањето може да се спроведе непосредно, преку користење на on line платформи или доставување на прашањата по електронска пошта (во согласност со мерките во услови на пандемија на Covid 19).

Добиените податоци ќе бидат користени исклучително за потребите на магистерскиот труд. Истражувањето ќе биде од анонимен карактер. Ве замолуваме за соработка и искрени одговори.

Однапред Ви благодарам!

1. Во кое училиште учите:

а) СОУ Гимназија „Гоце Делчев“;

б) СОУ „Перо Наков“;

в) ОСТУ „Наце Буѓони“;

г) ССОУ „Киро Бурназ“;

д) СОУ „Сами Фрашери“.

*(заокружи)*

2. На која возраст сте:

а) 13-15 год;

б) 15-17 год;

в) 17-19 год.

*(заокружи)*

3. Означете ги ресурси кои Ви се потребни за успешно следење на наставата:

а) ИКТ опрема;

б) материјални и други средства за реализирање на практична настава;

в) лектирни изданија, стручна литература, слободна литература и др.;

г) материјални, технички и други помагала за деца со посебни потреби;

д)друго ________________________________________________________ .

*(можност за заокружување на повеќе одговори)*

4. Чекирајте ги младинските активности кои сметате дека можат да се организираат на ниво на Општината:

а) истражување и иновации од различни области (информатика, математика, физика, хемија, биологија, геогрфија, археологија и други области);

б) општински натпревари и јавни конкурси од различен вид;

в) дебати;

г) волонтеризам;

д) активности од областа на филмската уметност;

ѓ) културно–забавни активности;

е) младински акции, јавни настани и улични перформанси;

ж) креирање на едукативни страници/портали за млади;

з) еколошки активности;

ѕ) промовирање на постигнувањата на учениците;

и) организирана соработка со бизнис сектор, здравствени, социјални и други институции, невладини организации и граѓански здруженија, државни институции на ниво на локална самоуправа и др.;

ј) друго ____________________________________________ .

*(можност за заокружување на повеќе одговори)*

5. Дали сметате дека условите за младинските активности на локално ниво ќе се подобрат доколку истите се организираат и спроведуваат преку Општински средношколски центар кој ќе ги обедини учениците од сите средни училишта во Општината? *(заокружи)*

а) Да. Објасни зошто?

______________________________________________________________

____________________________________________________________.

б) Не

6. Кои се вашите идеи и препораки за подобрување на условите за младински активности на ниво на Општината?
_______________________________________________________________

______________________________________________________________ .

**Крај**

Уште еднаш Ви се заблагодаруваме што одвоивте време за да го пополните овој прашалник.

Вашите размислувања се многу важни за подобрување на воспитно-образовниот процес.

# BIBLIOGRAPHY:


Ананиев, Ј. (2006). Образованието и децентрализацијата. Скопје: Винсент Графика Скопје.

Ангелоска Галевска, Н. (1998). Квалитативни истражувања во воспитанието и образованието. Битола: Киро Дандаро.

Ангелоска-Галевска, Н., Трајчевска, Љ. (2019), '*Локалната власт и стратешкото планирање на образованието*'. Дослідження Навчання. Донбский Державний Педагогичний Университет. Слов'янськ:Видавництво Б.І.Маторіна. ISBN 978-617-7780-11-2 УДК 37.01 -052, pp.177-194.

Гоцевски, Т. (2003). Образовен менаџмент. Куманово: Македонска ризница.

ДАИ-ПЛУУМ (2007). Прирачник за локално управување со училиштата. Скопје: Дата Понс.

Дакарската декларација (2000). Квалитетно образование за сите. Париз: УНЕСКО. https://www.right-to-education.org/sites/right-to-education.org/files/resourceattachments/Dakar_Framework_for_Action_2000_en.pdf

Декларацијата од Саламанка (1994). Шпанија: УНЕСКО. https://inclusion.com/marsha-forest-centre/the-marsha-forest-centre-articles/salamanca-statement/

Европската стратегија 2020 (2009), како и документите за развивање на клучните компетенции (2006) и сите натамошни препораки за базирање на образованието во Европа на клучните компетенции за доживотно учење (2018).

Закон за Бирото за развој на образованието („Службен весник на Република Македонија"бр. 37/2006; 142/2008; 148/2009; 69/2013; 120/2013; 148/2013; 41/2014; 30/2016 и 64/2018).

Закон за заштита на децата (Службен весник на РМ, бр. 23 од 14.02.2013 година).

Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.5 од 29 Јануари 2002 год.)

Закон за образование на возрасни („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/2008, 17/2011, 51/2011, 74/2012, 41/2014, 144/2014, 146/2015, 30/2016 і 64/18).

Закон за работни односи (Службен весник на РСМ, бр. 267 од 9.11.2020 година).

Закон за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/2020).

Закон за стручно образование и обука („Службен весник на Република Македонија“ бр. 71/2006, 117/2008, 148/2009, 17/2011, 24/2013, 137/2013, 41/2014, 145/2015, 55/2016 и 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019).

Законот за основно образование Сл. Весник на РСМ, бр. 161/2019.

Здружение за одржлив развој и соработка “АЛКА” (2008). Јас и мојата општина - Прирачник за процесот на децентрализација во Република Македонија. Скопје.

Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност (2006). Скопје: Министерство за труд и социјална политика.

Конвенцијата на Обединетите нации за правото на децата (1989). Унициф.

Концепт за развивање на систем за образование од далечина во основните и средните училишта во Република Северна Македонија, (2020). Скопје: Министерство за образование и наука.

Концепт учење преку работа во Република Северна Македонија, (2020). Скопје: Министерство за образование и наука.

Концепција за воннаставни активности во основно образование, (2020). Скопје: Министерство за образование и наука.

Концепција за државно тестирање во основно образование, (2020). Скопје: Министерство за образование и наука.

Концепција за инклузивно образование, (2021). Скопје: Министерство за образование и наука.

Концепција за основно образование, (2021). Скопје: Министерство за образование и наука.

Милениумските развојни цели на Обединетите нации (2000). /

Миленкова, В., (2005). Менаџерска функција - контролирање во основите училишта - Образовни рефлекси.Скопје: /.

Националната програма за развој на образованието во РМ (2018-2025). Скопје: Министерство за образование и наука.

Националната стратегија за одржлив развој во Република Македонија (2009-2030). Скопје: Министерство за образование и наука.

Петковски, К., (2000). Водство и ефективна комуникација. Битола:Киро Дандаро.

Прирачник за наставниците во основонто образование,(2009). Настава и учење на 21-от век. Скопје: /.

Ратковиќ, М , (1997). Образовање и промене. Београд: Учитељски факултет.

Ризова, Е. (2015). Возрасните и писменоста. Скопје: Филозофски факултет – Скопје.

Ризова, Е. (2021). Доживотно учење. Скопје: Филозофски факултет – Скопје.

Светската декларација (1990). Образование за сите. https://bangkok.unesco.org/sites/default/files/assets/ECCE/JomtienDeclaration.pdf

Силјановска-Давкова, Г. и Митков В. (2000). Локална самоуправа. Скопје: Магор.

Сланинка-Динева, М. (2011). Граѓаните во системот на локалната самоуправа. Истражувачка студија Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Институт за социолошки и политичко правни истражувања. Скопје: Боро Графика.

Службен весник на Р.М. бр. 63,20.09.2004 год

Спасов Љ. А. (2008). Децентрализацијата во Македонија (Рамномерен регионален развој и образование) – Состојби и перспективи. Скопје: Фондација Фридрих Еберт.

Стојаноска Иванова, Т., Фрицханд, А., Томевска Илиевска, Е. (2019). „Насилство во училиште: Социолошки, психолошки и педагошки аспекти", Скопје: Институт за европски образовни, социо-културни и економски политики ЕВРОПА ЗА ТЕБЕ.

Стратегија за образование на УНИЦЕФ (2019 – 2030). https://www.unicef.org/media/60301/file/UNICEF-education-strategy-2019-2030-exec-summary.pdf

Стратегија за образованието за 2018-2025. Скопје: Министерство за образование и наука. http://mrk.mk/wp-content/uploads/2018/10/Strategija-za-obrazovanie-ENG-WEB-1.pdf

Трајчевска, Љ. (2019). Локалната самоуправа и стратешкото планирање во образованието. Магистерска теза. Скопје: Филозофски факултет.

УНЕСКО (2015). Инчеонската декларација. Образование 2030.

Уредби и протоколи за постапување, организирање и реализирање на воспитно-образовниот процес донесени од страна на Министерството за образование и наука.

Шкариќ, О., (2004). Развојна психологија. Скопје: /.

Шумановска-Спасовска, И. и Давитковска, Е. (2016).Форум за јавна администрација: Добро владеење во локалната самоуправа. Скопје: Фондација Фридрих Еберт.

Alleman, G.B. (2002). Managing Strategy is Managing Change. Colorado: Kaiser – Hill Company.

Angeloska-Galevska, N.,& Trajcevska, Lj.(2020). 'Cooperation between schools and municipalities for pupils' health and safety'.*Безбедносни Дијалози/Security Dialogues*/Vol. 10, No. 1-2, 141-146

Apostolova Nikolovska, M. & Tomevska-Ilievska, E. (2020). Parental Partnership for Effective Educational Development of Pupils. *International Journal for Education, Research and Training (IJERT)*, Vol.5. No. 1, pp. 1-8.

Baranskaya, A. (2007). Project management in public administration of transitional countries. Russia: Moscow State University, School of Public Administration.

Bejaković, P. and Mrnjavac, Z. (2017). The education in South-East Europe and trade-off between efficiency and equity. Zagreb: /.

Cirovic, M. (2009). Strateski menadzment. Beograd: Cuguraprint.

Decentralisation and the Delivery of Primary and Secondary Education, (2011). Skopje: Center for research and policymaking.

Donnelly, V.J, Óskarsdóttir, E. and Watkins, A., eds. (2017). Decentralisation in Education Systems – Seminar Report, Odense. Denmark: European Agency for Special Needs and InclusiveEducation

Dunne, M., Akyeampong, K. and Humphreys, S. (2007). School Processes, Local Governance and Community Participation. University of Sussex Centre for InternationalEducation.

European ideas for better learning: the governance of school education systems,(2018). European Commission –Brussels.Достапно на: *https://www.schooleducationgateway.eu/downloads/Governance/2018-wgs6-Full-Final- Output.pdf*

Gerald U.& Larry H., (1991). The principal, creative libersgipfor efektive schoos.USA: /.

Lynn, E., Laurence, (2001). The Myth of the Bureaucratic Paradigm: What Traditional Public Administration Really Stood For. Public AdministrationReview.

McGinn, N. & Welsh, T. (1999). *Decentralizastion of education. Why, when, what and how?*. Pariz: International institute for educational planning. Достапно на: *https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000120275*

Rado P. (2010). Governing Decentralized Education Systems, Systemic Change in South Eastern Europe.Budapest: Local Government and Public Service ReformInitiative.

Rizova, E. (2022). *Re-thinking education in the context of lifelong learning.* In Galevska-Angeloska, N., et al. (ed.) (2022). International Conference "75th anniversary of the Institute of Pedagogy - Educational Challenges and Future Prospects". Skopje: Faculty of Philosophy Skopje.

Tomevska Ilievska, E. (2020). Why do we need pedagogical and educational reforms in primary school? A draft concept for the new basics of education and pedagogy in primary school. In Duev, Ratko et al. (ed.) (2021). Science and Society: Contribution of Humanities and Social Sciences. Proceedings of the International Conference on the occasion of the centennial anniversary of the Faculty of Philosophy, pp. 355-364. Skopje: Faculty of Philosophy.

Tomevska-Ilievska, E. & Stojanoska Ivanova, T. (2019). 'Media „Instalation" of Regugees in Public Space: Practices and Policies', *Security Dialogues,* 10 (1), pp. 19-30.

Tomevska-Ilievska, E. & Stojanovska Ivanova, T. (2019). 'Educational Models as Pedagogical Support of Safe Schools in Urban Environments', *Security Dialogues,* 10(1-2), pp. 125-140.

Tomevska-Ilievska, E., Rizova, E., Tasevska, A. and Sadiki, S. (2016) 'Educational Concept for Safe Secondary Schools in Republic of Macedonia (Good Practices, Conclusions, Recommendations)', ). International Journal of Cognitive Research in Science, Engineering and Education, 4(1), pp. 1-8.

Tomevska-Ilievska, E., Tonic Ribarska, J., Trajkovic Jolevska, S., Ancevska Netkovska, K. and Ajdinski, G. (2016) 'Lifelong Learning – Reality and Perspective', Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 62, pp. 611-612.